# Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество 2019

Матрица
за следење

# Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество 2019

Авторка: Симона Огненовска
Поддршка во собирање податоци и анализа на законодавството: Снежана Камиловска Трповска
Поддршка во собирање податоци и анализа на анкетата: Јасмина Чаушоска
Поддршка за прибирање податоци и обработка на одговорите од барањата за слобода на информации: Флориан Мехмети

2 март 2020

Проектот е финансиран од Европската Унија

Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество 2019

Издавач: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
За издавачот:
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Гонце Јаковлеска, извршен директор

Авторка: Симона Огненовска

Поддршка во собирање податоци и анализа на законодавството: Снежана Камиловска Трповска
Поддршка во собирање податоци и анализа на анкетата: Јасмина Чаушоска
Поддршка за прибирање податоци и обработка на одговорите од барањата за слобода на информации: Флориан Мехмети

Превод од англиски јазик: Татјана Мијовска

CIP – Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
ISBN 978-608-4848-33-2

Балканска мрежа за развој на граѓанското општество
Адреса: Улица Македонија 43-1/9, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: +389 2 6144 211
Електронска пошта: executiveoffice@balkancsd.net
Веб страна: www.balkancsd.net
www.monitoringmatrix.net

Македонски центар за меѓународна соработка
Адреса: МЦМС, „Никола Парапунов“ бр.41А, п. фах 55, 1060 Скопје
Телефон: +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298
Електронска пошта: mcms@mcms.mk;
Веб страна: www.mcms.mk

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Сите права се задржани. Репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено со претходна дозвола на издавачите заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжението. Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот. Во електронска форма публикацијата е достапна на  www.mcms.mk, www.rcgo.mk и http://www.monitoringmatrix.net/.

Оваа публикација е дел од активностите на проектот „Регионален центар за развој на граѓанското општество“, спроведен од Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) во соработка со нејзините организации-членки во земјите од Западен Балкан и Турција. МЦМС го спроведува проектот на национално ниво.

Оваа публикација е овозможена со поддршка на Шведската агенција за меѓународен развој (Сида). Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на Сида.

Дополнително, оваа публикација беше поддржана со финансиска помош од Европската Унија, преку проектот „Национален ресурсен центар за граѓански организации“. Содржината на оваа публикација е единствено одговорност на Македонскиот центар за меѓународна соработка и на никаков начин не ги одразува ставовите на Европската Унија.

# Содржина


| | |
|---|---|
| **Листа на кратенки** | **5** |
| **Вовед** | **6** |
| **Благодарност** | **7** |
| **Основни информации** | **8** |
| **Извршно резиме** | **10** |
| Важни податоци за граѓанските организации | 10 |
| Клучни наоди | 11 |
| | 12 |
| Клучни препораки | 12 |
| **Наоди** | **13** |
| Област 1: Основни загарантирани законски слободи | 13 |
| Област 2: Рамка за финансиска одржливост на граѓанските организации | 23 |
| Област 3: Односот помеѓу Владата и граѓанските организации | 36 |
| **Заклучоци и препораки** | **48** |
| **Прилози** | **52** |
| Методологија | 52 |
| Белешки за методологијата и предизвиците за земјата | 53 |
| Библиографија | 55 |
| Листа на граѓански организации кои одговориле на анкетата | 66 |
| Список на институции кои одговорија на барањата за пристап до информации од јавен карактер | 69 |
| Структура на примерокот на е-прашалникот | 70 |

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| **АМС** | Агенција за млади и спорт |
| **БЦСДН** | Балканска мрежа за развој на граѓанското општество |
| **ЦРСМ** | Централен регистар на Република Северна Македонија |
| **ГО** | Граѓанска организација |
| **КОО** | Корпоративна општествена одговорност |
| **ЕЦНЛ** | Европски центар за непрофитно право |
| **ЕНЕР** | Единствен национален електронски регистар на прописите на Република Северна Македонија |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **УФР** | Управа за финансиско разузнавање |
| **ИЦНЛ** | Меѓународен центар за непрофитно право |
| **ЗЗФ** | Закон за здруженија и фондации |
| **МК** | Министерство за култура |
| **МЦМС** | Македонски центар за меѓународна соработка |
| **МИА** | Македонска информативна агенција |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **НАТО** | Северноатлантска алијанса |
| **НВО** | Невладина организација |
| **ОЈИ** | Организација од јавен интерес |
| **СДЦ** | Швајцарска агенција за развој и соработка |
| **УСАИД** | Агенција за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави |

# Вовед

Македонскиот центар за меѓународна соработка и Балканската мрежа за развој на граѓанското општество со задоволство го претставуваат седмото издание на *Матрицата за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество,* каде што се опфатени случувањата во Северна Македонија во текот на 2019 година.

Овој извештај е дел од низата извештаи за земји кои опфаќаат седум земји од Западен Балкан и Турција: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Црна Гора, Србија и Турција. Исто така, достапен е и Регионален извештај во кој се сумираат наодите и препораките за сите земји и веб-платформа која нуди пристап до податоците за следењето по земја на www.monitoringmatrix.net.

Матрицата за следење, која е развиена во 2013 г. од страна на БЦСДН, со поддршка од нејзините членки, партнери, ИЦНЛ и ЕЦНЛ, ги претставува главните принципи и стандарди чиешто постоење е суштинско за околината да се смета за поддржувачка и овозможувачка за работењето на граѓанските организации. Матрицата е организирана во три области, а секоја од нив е поделена на подобласти[1]:

1. Основни загарантирани законски слободи;
2. Рамка за финансиска одржливост на граѓанските организации;
3. Односот меѓу владата и граѓанските организации.

Принципите, стандардите и индикаторите се засноваат на меѓународно загарантирани слободи и права и најдобрите регулаторни практики на ниво на Европската Унија и на европските земји. Матрицата има за цел да дефинира оптимална ситуација која е потребна за граѓанското општество да функционира и да се развива на ефективен начин и во исто време, да постави реална рамка којашто јавните власти ќе можат да ја следат и да ја спроведуваат. Имајќи на ум дека главниот предизвик е во спроведувањето, индикаторите се дефинираат на начин да ја следат состојбата на ниво на законска рамка и нејзина практична примена[2].

Покрај деталното и квалитативното следење, во 2015 година беше воведена проценка на овозможувачката околина со категоризација, од целосно оневозможувачка до целосно овозможувачка околина. Системот беше создаден со цел да се одговори на потребата за „компресирана“ и ефективна визуелна комуникација на наодите и систематско презентирање на промените во овозможувачката околина за развој на граѓанското општество на ниво на стандарди низ земји и години. Тоа не ја заменува, туку ја надополнува квалитативната проценка, бидејќи наративните извештаи за земјата се основа врз која се спроведува категоризацијата.

Истражувањето спроведено во рамките на матрицата за следење има за цел да обезбеди известување во сенка за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество и да влијае на политиката на проширување и поддршката за финансирање кон одржлив и стратешки развој на секторот.

**1.** Како алатка за истражување за мерење на здравјето на законската, регулаторната и финансиската околина во која функционираат ГО во Западен Балкан и Турција, Матрицата има за цел да одговори на потребата на ГО да имаат производи од истражувања засновани на докази и капацитети за застапување за промени во политиката кон поовозможувачка околина на граѓанското општество.

**2**. За овие цели, во делот со наодите, извештајот дополнително наведува референци и корелации со Насоките за поддршка од ЕУ за граѓанското општество во земјите од проширувањето, 2014-2020.

# Благодарност

Извештајот за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество за 2019 беше напор за соработка и поддршка од неколкумина колеги од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Во подготовката на извештајот свој придонес дадоа повеќемина колеги. Прво, благодарност на Снежана Камиловска Трповска, за нејзината постојана поддршка и придонес кон анализата на законските измени што влијаат на работата на ГО. Второ, благодарност на Јасмина Чаушоска за нејзината посветена работа втора година по ред, да ги обработи и анализира резултатите од одговорите на ГО на електронското истражување. Трето, благодарност на Флориан Мехмети за неговата поддршка во собирањето и обработката на податоците од барањата за слобода на информации испратени до државните институции и истражувањето преку интернет. Конечно, голема благодарност на Блинера Реџепи за поддршката на процесот на прибирање на податоци од истражувања преку интернет и дополнителната техничка поддршка.

Голема благодарност ѝ припаѓа на Емина Нурединоска, за нејзиното менторство и доверба, трпеливото водење и споделување на знаењето, давањето совети и постојаната помош за подобрување на квалитетот на извештајот низ годините.

Покрај тоа, сакаме да го признаеме придонесот во текот на целата година даден од бројни ГО, неформални движења, активисти, одредени државни институции кои обезбедија суштински докази и известуваа за различните аспекти што ги опфаќа матрицата за следење.

На крајот сакаме да изразиме благодарност до Илина Нешиќ и Ања Босилкова-Антовска, и на остатокот од тимот на ИК на БСЦДН за олеснување на регионалната соработка во процесот на следење и обезбедување постојана поддршка во текот на спроведувањето на активностите.

# Основни информации

2019 беше историска година за развојот на земјата. Турбуленцијата на социо-политичките настани значително ги обликуваше околината и работењето на граѓанското општество. 2019 беше уште една година на избори, со два главни настани. Прво, се одржаа претседателските избори и Стево Пендаровски беше избран за претседател во вториот круг, како дел од владејачката коалиција. Второ, беше договорен датум за следните парламентарни избори во 2020 година.

На почетокот на годината, во Собранието се одржа финално гласање за промена на името на земјата во Северна Македонија[3], а Договорот од Преспа стапи на сила, после неговото ратификување од страна на Северна Македонија и Грција[4]. По промената на името, следните пресвртници беа пристапувањето во НАТО и преговорите со ЕУ. Додека потпишувањето на протоколот за пристапување во НАТО од страна на различни земји-членки напредуваше во текот на годината според планираното, пристапот во ЕУ беше стопиран. Имено, Европскиот совет ги одложи разговорите за пристапување, бидејќи Франција предводеше неколку држави членки на ЕУ да го стопираат напредувањето на Албанија и Северна Македонија, барајќи нова методологија за понатамошни реформи во процесот на проширување[5].

Наспроти достигнувањето на важни пресвртници кои сигнализираат силна посветеност на Владата на внатрешните реформи, таканаречениот скандал „Рекет“ ја поткопа довербата на граѓаните во владеењето на правото[6][7] и независноста на судството. Имено, уапсена беше Специјалната јавна обвинителка, а друг политичар од владејачката партија беше обвинет во наводен скандал со изнудување, со други соработници, од кои еден беше неформален сопственик на медиум (ТВ станица) и личност од реално ТВ шоу[8] за изнудување пари од бизнисмен. Ова, директно ги погоди напорите за напредок во реформите на судството. Покрај тоа, како несакан ефект, граѓанскаорганизација управувана од еден од соработниците во скандалот, се стекнаа со публицитет. Обвинителството покрена посебна истрага со сомневање за измама во рамките на организацијата, коешто негативно влијаеше на имиџот на граѓанското општество[9].

Конечно, 2019 година беше значајна кога станува збор за вклучување на ГО во процесите на креирање на закони и политики (Закон за борба против корупцијата, Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, Закон за бесплатна правна помош, Закон за јавни набавки и др.). Што е најважно, беа донесени два закони, Законот за борба против дискриминација и Закон за абортус, кои дополнително ги унапредуваат и штитат човековите права[10][11]. Владата го отвори просторот за вклучување на граѓанските организации во учеството на јавноста преку разни институции од една страна. Сепак, од друга страна, очекувањата од граѓанското општество да придонесат во тие процеси не беа исполнети. Имено, сеопфатната реформа на државното финансирање за поддршка на долгорочното работење на граѓанските организации напредуваше бавно.

[3] Одлука за прогласување на амандманите XXXIII, XXXIV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија, број 08 – 184/1. Адреса: https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/odluka-amandmani-11.1.19.pdf [Посетена на 20.02.2020]

[4] Конечна спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на привремената спогодба од 1995 г. и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните. Адреса: https://vlada.mk/node/15057?ln=en-gb [Посетена на 20.02.2020]

[5] Гардијан (2019) Осуден неуспехот на ЕУ да отвори разговори за членство со Албанија и Северна Македонија [Интернет] Гардијан. Адреса: https://www.theguardian.com/world/2019/oct/18/eu-refusal-to-open-talks-with-albania-and-north-macedonia-condemned-as-historic-mistake [Посетена на 20.02.2020]

[6] Призма (2019) Хуманитарното друштво на Боки под истрага [Интернет] Скопје, Призма. Адреса: https://prizma.mk/humanitarnoto-drushtvo-na-boki-pod-istraga/ [Посетена на 20.02.2020]

[7] ДВ (2019) Уапсена е Катица Јанева [Интернет] Скопје, ДВ. Адреса: https://www.dw.com/mk/%D1%83%D0%B0%D0%BF%D1%81%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%B5-%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%86%D0%B0-%D1%98%D0%B0%D0%BD%D0%B5%D0%B2%D0%B0/a-50112808 [Посетена на 20.02.2020]

[8] Правдико (2019) Антикорупциска ќе го проверува имотот на судиите и на обвинителите [Интернет] Скопје, Правдико. Адреса: https://www.pravdiko.mk/antikoruptsiska-ke-go-proveruva-imotot-na-sudiite-i-na-obvinitelite/ [Посетена на 20.02.2020]; Правдико (2019) Случај „Рекет“: Јовановски, Милески и Јанева денес на клупа во Кривичен суд [Интернет] Скопје, Правдико Адреса: https://www.pravdiko.mk/sluchaj-reket-jovanovski-mileski-i-janeva-deneska-na-klupa-vo-krivichen/[Посетена на 20.02.2020]

[9] Балкан инсајт (2019) Северна Македонија  Судењето за случајот „Рекет“ започнува со изненадување [Интернет] Скопје, Балкан инсајт. Адреса: https://balkaninsight.com/2019/12/03/north-macedonia-extortion-case-trial-starts-with-surprise/ [Посетена на 20.02.2020]

[10] Указ за прогласување на Законот за прекин на бременоста и законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019)

[11] Радио МоФ (2019) Протест за итно усвојување на Законот за недискриминација утре пред Собрание [Интернет] Скопје, Радио МоФ. Адреса: https://www.radiomof.mk/protest-za-itno-usvojuvanje-na-zakonot-za-nediskriminacija-utre-pred-sobranie/ [Посетена на 20.02.2020]

# Извршно резиме

## Важни податоци за граѓанските организации

| | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| Број на регистрирани организации | 10.171 (ЦРСМ) | 10.710 (ЦРСМ) |
| Релевантни измени во законската рамка | (1) Нов Закон за данок на добивка<br><br>(2) Стратегија на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020) | Усвоени измени:<br>(1) Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер<br>(2) Правилник за работа на Советот и Одлука за формирање на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор<br>(3) Закон за социјална заштита<br>(4) Закон за бесплатна правна помош<br>(5) Закон за данок на додадена вредност<br><br>Предлози:<br>(1) Предлог на Закон за лобирање<br>(2) Предлог на Закон за јавни собири |
| Државно финансирање (за ГО) | 840 милиони денари (приближно 13.6 милиони евра)[12]. | 726 милиони денари (приближно 11.8 милиони евра)[13] |
| Човечки ресурси (вработени и волонтери) | 1.645 (ЦРСМ) | 1.642 (ЦРСМ) |
| Соработка меѓу граѓанските организации и Владата (релевантно и ново тело: механизам за консултации) | Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор | Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор |

12 Хафнер Адеми, Т., Митевски В., Стојкоски, В., Мојаноски, Г. (2019) Анализа на финансиската поддршка за здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија. [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/3.2.Analiza.pdf [Пристапено на: 25/11/2019]
13 Ibid.

## Клучни наоди

Околината за развој на граѓанското општество во текот на 2019 г. беше релативно овозможувачка. Основните слободи (здружување, собирање и изразување) беа загарантирани со одредени недостатоци и се спроведуваат во практика. Немаше значителни законски измени, кои директно влијаеја и го поддржуваа работењето на ГО. Сепак, неколку нови закони (на пр. Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Закон за социјална заштита, Закон за бесплатна правна помош и сл.) треба да бидат корисни. Покрај тоа, одредбите во два предлог закони претставуваат закана за слободата на здружување: Предлог на закон за лобирање и Предлог на закон за јавни собири. Граѓанските организации сѐ уште се застапуваат за можноста да добиваат државни средства, бидејќи реформите во државното финансирање напредуваат бавно. Конечно, дијалогот и соработката помеѓу владата и ГО се развиваше и понатаму, со зголемено учество на јавноста во креирањето политики, но и преку Советот и други механизми за соработка за различни прашања.

| **Клучни наоди** | |
|---|---|
| 1. | Основните слободи на здружување, собирање и изразување беа законски загарантирани, и генерално заштитени и во практика сите ги уживаа. Сепак, сѐ уште е присутна потенцијалната закана за клучниот принцип на слобода на здружување, а тоа е учество во јавниот живот, заради некои одредби во Предлогот на Законот за лобирање (не е јасна дефиницијата на лобист и кои активности се сметаат за лобирање). Според овој принцип, ГО треба да бидат во можност слободно да ги искажат и промовираат своите ставови и мислења за прашања од нивниот интерес; да покренуваат иницијативи и да учествуваат во формирање на јавното мислење и во креирањето политики. Непочитувањето на овој принцип, може да доведе до различни кршења на слободата на здружување, меѓу кои, на пр. да ги спречи ГО да работат и да делуваат со Собранието. Покрај тоа, постојната рамка што обезбедува слобода на собирање беше потенцијално уназадена со бројни рестриктивни одредби предложени во Предлогот на Законот за јавни собири, без консултации. Предлогот на законот беше повлечен по реакциите од јавноста и граѓанските организации. |
| 2. | Сеопфатната реформа на системот за државно финансирање за ГО напредуваше бавно, и покрај позитивните случувања. Имено, тогашниот премиер Заев изрази подготвеност да го реформира постојниот модел на државно финансирање за време на националната конференција организирана од МЦМС. Оваа најава беше охрабрена со меморандумот за соработка меѓу Владата и ФООМ за понатамошно анализирање и подготовка на препораки за државно финансирање. Исто така, одредени државни институции во текот на годината презедоа чекори за подобрување на различните аспекти на постапката и зголемување на нивната транспарентност и отчетност. Сепак, напредокот на клучните аспекти на целокупната реформа беше одложен, а останаа неефикасните делови на постојниот систем. Имено, има намалување на износот на државното финансирање за ГО за 13% во 2019 година, во однос на 2018 година. Државното финансирање сѐ уште не е препознатлив извор на приход за ГО и е достапно само за ограничен број на ГО. Немаше напредок во однос на овозможување на ГО да имаат пристап до институционална поддршка, ниту можности за повеќегодишно финансирање или кофинансирање за ЕУ и други проекти. |
| 3. | Во текот на 2019 година продолжи значителното вклучување на ГО во процесите на креирање политики и донесување закони, преку различни форми на вклученост (електронски консултации преку ЕНЕР, работни групи, консултативни состаноци, итн.). ГО беа вклучени во подготовка на одредени закони кои се важни за работењето на ГО: Законот за борба против корупцијата, Законот за слободен пристап до информации, Законот за млади, Законот за бесплатна правна помош и Законот за јавни набавки. Граѓанското општество беше исто така успешно во напорите кои доведоа до усвојување на Законот за антидискриминација и Законот за прекин на бременоста. Понатаму, имаше зголемено објавување и почитување на роковите за електронски консултации на ЕНЕР. Сепак, сѐ уште имаше случаи на заобиколување на ГО кога станува збор за прашања како што се владеење на правото и антикорупција (Законот за јавно обвинителство, итн.). Конечно, сѐ уште опстојува недостаток на соодветен пристап до информации и суштински консултации. |
| 4. | Советот за соработка со и развој на граѓанското општество продолжи да работи ефективно во текот на целата година, фокусирајќи се на прашања кои се значајни за граѓанскиот сектор. Со одржување на вкупно десет седници, го надмина законски утврдениот минимален број од четири седници годишно, за кои дневниот ред и материјалите се јавно достапни однапред. Речиси на секоја седница, Советот утврди препораки и/или барања до различни институции, кои беа спроведени. Сепак, не беше |

| | |
|---|---|
| | разгледано едно од најзначајните барања за зголемување на износот на средства распределени од Секретаријатот на Владата. Беа забележани одредени предизвици за неговото ефективно функционирање, како што се: недостаток на редовно учество на членовите (особено оние кои доаѓаат од ГО) на седниците, додавање дополнителна работа за именување на претставници на ГО во различни владини тела / механизми и настани без постоење законска основа и отсуство на директна комуникација, вклученост и консултации со ГО. |

## Клучни препораки

Препораките даваат приоритет на областите каде сметаме дека Владата треба да преземе итни активности за поддршка и развој на околината во која функционира граѓанското општество. Првата препорака има за цел да обезбеди дека принципот на слободата на здружување е загарантиран во рамките на законодавството. Второ, како и во претходните години, без одлагање, постојниот модел на државно финансирање за ГО треба да се реформира врз основа на анализата и препораките што ги предлагаат ГО. Трето, иако дел од државните институции треба да се пофалат за нивниот инклузивен третман кон граѓанските организации, сепак од сите институции без исклучоци, се очекува во практика да ги вклучат јавноста и граѓанските организации во процесите на донесување одлуки, вклучително и за прашања како владеење на правото и антикорупција. Конечно, Советот треба дополнително да ја подобри својата ефикасност и суштински да го вклучи поширокото граѓанско општество.

| **Клучни препораки** | |
|---|---|
| 1. | Државните институции треба да обезбедат предлозите за нова законска регулатива или измени и дополнувања во постоечката, се во согласност со меѓународните стандарди за слобода на здружување, собирање и изразување (ова се однесува главно на проблематичните одредби од Предлогот на Законот за лобирање и Предлогот на Законот за јавни собири). |
| 2. | Релевантните државни институции треба без одлагање сеопфатно да го реформираат државното финансирање на ГО. Реформата треба да опфати: зголемен износ на државното финансирање за ГО (вклучително и зголемен поединечен износ на грантови), посебна буџетска ставка за здруженија и фондации, долгорочно финансирање, институционална поддршка, кофинансирање на активности кои се поддржани од други донатори и со соодветна географска дистрибуција. Сето ова треба да се заснова на стандардизирани процедури, за да се зголеми транспарентноста, ефективноста и отчетноста при распределбата на средствата. |
| 3. | Владата треба да ги примени стандардите за вклучување на граѓанските организации во процесот на донесување закони и креирање политики за целата законска регулатива и доследно во сите државни институции. Учеството треба да започне во рана фаза, со соодветен пристап до информации и време за квалитетен и суштински одговор и обезбедување повратни информации. Добрата практика на користење на ЕНЕР како платформа за електронски консултации и почитување на роковите треба дополнително да се поддржи и подобри. |
| 4. | Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор потребно е најголем дел од седниците да ги посвети на влијание врз институциите да ги спроведуваат приоритетните области за развој на секторот, утврдени во рамки на Стратегија на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020. Советот треба без одложување да започне со директна комуникација и консултации со други ГО. Покрај тоа, како консултативно тело, Советот треба да ја преиспита законитоста и ефективноста на додавање работа да номинира претставници на граѓанското општество во различни тела и настани по барање на државните институции. |

# Наоди

## Област 1: Основни загарантирани законски слободи

### Подобласт 1.1. Слобода на здружување

#### 1.1.1. Основање и учество во граѓански организации

Правната рамка обезбедува гаранции за остварување на правото на слобода на здружување во согласност со меѓународните стандарди. Правото на основање и учество во формални и неформални начини на здружување останува загарантирано со Уставот на Република Северна Македонија и понатаму[14] е разработено во Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ)[15]. Слободата на здружување се ужива преку здружување во здруженија, фондации, сојузи и начини на организирање на странски организации. Граѓаните можат слободно да се здружат за разни цели, а наведени се ограничувања на правото на здружување[16]. Правната рамка им овозможува на поединците и правните лица да го користат правото на слобода на здружување офлајн и онлајн, без дискриминација, вклучително и странци[17]. Малолетните лица можат да основаат здружение откако ќе наполнат 15 години, а можат да станат членови откако ќе наполнат 14 години, со потпишана изјава за согласност од страна на нивниот законски старател. Ова исто така важи и за лицата со ограничена работна способност или за лицата без работна способност. Според ЗЗФ, две или повеќе организации можат да се здружат во сојуз или друга форма на здружување, кои можат да станат правно лице со регистрација[18]. Овие организации може да станат дел од меѓународни организации или да соработуваат со нив на други начини.

Регистрацијата не е задолжителна, а правилата за регистрација се јасно пропишани и овозможуваат лесна и навремена регистрација. Централниот регистар на Република Северна Македонија (ЦРСМ) е единствената институција каде што се врши регистрација во рок од 5 дена од поднесување на барањето во хартиена форма (се уште не е достапно онлајн поднесување на барања за ГО) [19][20]. Граѓанските организации се во понеповолна положба од деловните субјекти, бидејќи не може да се регистрираат онлајн (ова е достапно за бизнисите и е бесплатно), а трошокот за регистрација при поднесувањето на барањето во хартиена форма е повисок отколку за другите деловни субјекти (понизок е само од трошокот за основање на акционерско друштво [21].

Секое физичко или правно лице во практика може да формира здруженија, фондации или други непрофитни, невладини форми офлајн или преку Интернет. Регистрацијата е главно достапна во законски предвидените рокови. Според истражувањето, за две граѓански организации регистрацијата траела повеќе од пет дена (од вкупно 10 ГО од кои било прашани за нивното искуство со регистрација во текот на 2018/2019). Поединци и ГО можат да формираат и да учествуваат во мрежи и коалиции, во рамките на и надвор од нивните матични земји во практика. Според истражувањето, поголемиот дел од граѓанските организации практикуваат мрежно работење на национално ниво (80,37% се дел од домашна мрежа). Вкупно четири ГО одговориле дека поминале низ сложена постапка за формална регистрација на мрежата: долготраен процес; побарана обемна документација (детални извештаи и приватни информации на членовите; доставување на официјално барање изгласано од Собранието на членови). Нерегистрираните организации не се санкционирани, тие постојат и успеваат да се залагаат за одредени проблеми кај државните институции и другите ГО.

[14] Устав на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 52/1991)
[15] Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 52/10, 135/11 и 55/16)
[16] Ibid.
[17] Ibid.
[18] Ibid.
[19] Централен регистар на Република Северна Македонија (2019) Тарифа на Централниот регистар, бр. 0201-3/10. Скопје, ЦРСМ. Адреса: https://www.crm.com.mk/DS/download/Registers_document_forms/tarifa2.pdf [Посетена на 20.02.2020]
[20] Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 52/10, 135/11 и 55/16)
[21] ЦРСМ (2019 Тарифа на Централниот регистар, бр 0201-3/10. Скопје, ЦРСМ. Адреса: https://www.crm.com.mk/DS/download/Registers_document_forms/tarifa2.pdf [Посетена на 20.02.2020]

### 1.1.2. Вмешување на државата

Правната рамка обезбедува гаранции против мешање на државата во внатрешните работи на здруженијата, фондациите и други видови на непрофитни субјекти. Граѓанските организации се независни од државата и законот дава гаранции со кои се регулира нивната внатрешна структура и процедурите за работа[22].

Претходно идентификуваните проблематични одредби не беа изменети во текот на годината, а донесени беа и/или се во процес на изготвување нови законски решенија кои претставуваат потенцијална закана за слободата на здружување. Прво, не беа изменети одредбите од Кривичниот законик[23]. Во член 122, став 4 се предвидува одговорност од страна на овластените лица, застапници на различни организациски облици, иако тие не вршат службена должност ниту активности од јавен интерес, ниту пак, користат државни средства. Со овој член како службени лица кои извршуваат некое кривично дело се наведуваат овластените лица за застапување здруженија, фондации, сојузи и организациски облици на странски организации, спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот. Второ, на крајот на септември 2019, изготвен беше нов предлог на Законот за лобирање со одредени подобрувања, но сепак, не беа направени суштински измени на проблематичните одредби[24]. Првата верзија на Законот содржеше бројни одредби кои не беа јасни, главно поврзани со дефиницијата на тоа што претставува лобист и кои активности се сметаат за лобирање. Со ова, клучниот принцип на ЗЗФ – учество во јавниот живот[25] е во ризик, според кој ГО слободно ги изразуваат и промовираат нивните ставови и мислења за прашања од нивен интерес; започнуваат иницијативи и учествуваат во формирањето на јавното мислење и креирањето политики.

Законодавството предвидува заштита на работењето на поединци и/или групи од мешање на трети страни до одреден степен. Главни институции што обезбедуваат заштита се: Комисија за заштита од дискриминација и Народниот правобранител. Потоа, полицијата и правосудните институции, т.е. судовите и јавното обвинителство се релевантни институции.

Регулативите за финансиско известување и сметководствените правила ги земаат предвид специфичните карактеристики на ГО до одреден степен. Според ЗЗФ, регистрираните ГО имаат обврска да изготват годишни финансиски извештаи и да ги достават до ЦРСМ[26]. Покрај тоа, ГО се должни да ги објават на својата веб-страна или на друг соодветен начин (на пр. објавување во дневен весник), да ги направат достапни за јавноста годишните извештаи за нивното работење и годишните финансиски извештаи за претходната година, најдоцна до 30 април. Финансиското работење на ГО е регулирано со Законот за сметководство на непрофитните организации, кој сè уште не е унапреден, иако тоа во Стратегијата беше предвидено, вклучително и подготвена анализа од локална организација[27]. Барањата за известување се разликуваат согласно висината на буџетот на организацијата. Имено, според членот 18 од Законот, организациите кои имаат вкупна вредност на средства или годишен приход помал од 153 илјади денари (приближно 2.500 ЕУР), не се обврзани да подготват завршни сметки и да ги поднесат до УЈП и до ЦРСМ [28]. Но, тие се обврзани да водат книга за благајна и книга за приходи и расходи. Оние што имаат годишен приход повеќе од 2.500 евра мора да поднесат завршни сметки до УЈП и до ЦРСМ до крајот на февруари следната година.

Соработката меѓу граѓанскиот сектор и Управата за финансиско разузнавање (УФР) продолжи во текот на 2019 година за прашања поврзани со проценка на ризикот од финансирање на тероризам[29]. УФР објави Упатство за вршење на проценка на ризикот[30] и Одлука за утврдување на листа на индикатори за препознавање на сомнителни трансакции[31] во првиот квартал на 2019, но без да прави разлика во потребата за проценка на ризикот меѓу ГО и казина и обложувалници. Некои од индикаторите кои се однесуваат на ГО се доста општи и проблематични (на пр. банката е одговорна да утврди (процени) дали целта на донацијата е во согласност со работата на организацијата и проектот, итн.).

[22] Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16)
[23] Кривичен законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/2013, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15 и 226/15, 97/17 и 248/18).
[24] ЕНЕР (2018) Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за лобирање [Интернет] Скопје, ЕНЕР. Адреса: https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid= V72hCDSxTKq48N10lKU2hw== [Посетена на: 15/4/2019]
[25] Член 14, Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16)
[26] Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16)
[27] Закон за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/03, 17/11 и 154/15).
[28] Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16)
[29] Платформа ФАТФ (2020) Национално ажурирање за Северна Македонија [Интернет] Адреса: http://fatfplatform.org/march-2020/ [Посетена на 1/3/2020]
[30] Упатство за вршење на проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам бр. 02-2/54 (19) [Интернет] Скопје, УФР. Адреса: http://www.ufr.gov.mk/files/docs/UpatstvoPPFT.pdf [Посетена на 1/3/2020]
[31] Одлука за утврдување на листа на индикатори за препознавање на сомнителни трансакции (бр. 02-2/16 (19) Скопје, УФР. Адреса: http://www.ufr.gov.mk/files/docs/Indikatori.pdf [Посетена на 1/3/2020]

Законодавството предвидува дека ГО може да подлежат на надворешна контрола од овластени тела кои имаат инспекциски овластувања.[32]. Што се однесува на санкциите наведени во ЗЗФ и други закони, ГО се еднакви со другите правни лица. Покрај тоа, ЗЗФ[33] предвидува поголема индивидуална казна за одговорните лица (во однос на казната за организацијата) во два случаи и тоа за непријавување на промени во ЦРСМ и во случај кога ГО со статус на организација од јавен интерес нема да достави финансиски и наративен извештај.

ГО може да избере да престане со работа во кое било време со одлука на највисокиот орган на управување. Законот прецизно ги пропишува ситуациите кога организацијата престанува да постои и основите за принуден престанок со работа (на пр., во случаи на прекршување на статутот или законот)[34].

Во анкетата беа евидентирани неколку случаи на мешање на државата во внатрешните работи на ГО при нивното работење.




Четири граѓански организации информираа за закани од владини претставници: барање мито; испраќање на несоодветни „пораки"; закани од министер и претставникот на парламентот. Потоа, пет ГО навеле ненајавени инспекции од државните институции: Државен инспекторат за образование; Министерство за култура; неименувана институција која барала детална документација за имплементација на проектот, покрај тоа што веќе ги имала одобрено извештаите, Агенција за храна и ветеринарство, Финансиска полиција, трудова и санитарна инспекција. Покрај тоа, пет ГО пријавиле вознемирување и ограничувања на активностите на модераторите на онлајн групи или нивните членови: напади на социјалните медиуми од активисти на политичките партии, закани и навреди; напори за справување со дезинформации во онлајн групи, притисок врз членови од луѓе на власта; следење на групите. Конечно, евидентиран е еден случај на прекумерен финансиски надзор од страна на државна институција, со прекумерно барање на документи.

### 1.1.3. Обезбедување финансиски средства

Законската регулатива им овозможува на граѓанските организации да стекнуваат добивка преку вршење на економски активности. ЗЗФ го регулира вршењето дејност на здруженијата и на фондациите[35], и кога активностите на организацијата генерираат добивка, таа треба да се употреби за постигнување на целите поставени во статутот (вклучително и сите редовни активности на организацијата и трошоците за плати). Вршењето на економски активности е дополнително регулирано со трудовото и даночното законодавство, потоа со законите во

[32] Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 52/10, 135/11 и 55/16)
[33] Ibid.
[34] Член 63, Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 52/10, 135/11 и 55/16)
[35] Закон за здруженијата и фондациите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 52/10, 135/11 и 55/16)

областа на облигационите односи, платниот промет, девизното работење и други закони.

Законодавството им овозможува на ГО да добиваат средства од странски јавни или приватни извори. Според ЗЗФ, здруженијата и фондациите може да бараат и да добијат средства од најразлични странски извори за поддршка на нивните активности, без посебни барања и претходно одобрение од државата[36]. Организациите можат да добијат средства од меѓународни билатерални (УСАИД, СДЦ, амбасади и други) и мултилатерални извори (како ЕУ), потоа поединци, корпорации и други извори. ГО можат да добијат средства од странски извори без никакви ограничувања (на пр. административни или финансиски обврски, претходни одобренија или канализирање на финансирање преку специфични органи).

ГО може да добиваат средства од поединци, корпорации и други домашни извори без ограничувања.[37]. Доминантни домашни извори на финансирање се владините грантови, членарина, корпоративни и индивидуални донации. Законот за донации и спонзорства во јавните дејности игра клучна улога во стимулирањето на донациите од поединци и компании[38].

ГО се вклучени во економски активности, а законодавството се спроведува без никакви пријавени прекршувања. Според истражувањето, 41,1% (67) ГО се вклучени во економска активност. Од нив, 10 ГО се соочиле со обемни административни барања; шест граѓански организации се соочиле со сложени правила за отчетност (известување, следење) и три ГО се соочиле со други тешкотии: страв од недоволна одржливост заради зголемена минимална плата и монопол над одредени услуги (недостаток на конкуренција).

Граѓанските организации добиваа странски средства со помали потешкотии.




Според истражувањето, поголемиот дел од граѓанските организации (68,1%) имаат странски донатори како извор на финансирање. Истражувањето покажа дека од нив, 47,2% (77) ГО се соочиле со сложени процедури за ослободување од ДДВ за странски средства (долг период на чекање за регистрација на проекти што влијае на почетокот на спроведувањето на проектот; процесот не е онлајн и е достапен само во главниот град; донатори кои откажуваат поддршка поради долги процедури; административни бариери; недостаток на капацитети на вработените; недостиг на разбирање од страна на бизнисите за постапката; нејасни правила и различни одговори од страна на државните службеници; проблематична постапка за партнерите од конзорциумот на проектот, немање можност да се поставуваат прашања во врска со постапката преку телефон.

Граѓанските организации слободно добиваат средства од поединци, корпорации и други извори. Според истражувањето, мнозинството (88,96%) од граѓанските организации не добиле средства од домашни приватни донатори.

[36] Ibid.
[37] Ibid.
[38] Закон за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15).

**Рамка 1: Оценка на Насоките на ЕУ 1.1. Слобода на здружување**

**Резултат 1.1. & 2.1.** Слободата на здружување е законски гарантирана и практикувана без ограничувања. Правната рамка овозможува секое лице да основа здружение, фондација, или друг вид на непрофиен, невладин ентитет за било која цел. Правото е овозможено како за индивидуи така и за правни лица без дискриминација. Регистрацијата не е задолжителна, а оние кои сакаат да се регистрираат поминуваат низ процес кој е јасен, едноставен и ефтин. Правната рамка обезбедува гаранции против вмешување на државата во внатрешните работи на ГО. Сепак постојат одредени ризици кон слободата на здружување како одредбите во Кривичниот законик и во предлог законот за лобирање. Финансиското работење на граѓанските организации е уредено со Законот за сметководство на непрофитни организации кој не беше унапреден, иако тоа беше предвидено во Стратегијата за развој на ГО.

## Подобласт 1.2. Други поврзани слободи

### 1.2.1. Слобода на мирно собирање

Законската рамка го гарантира остварувањето на правото на слобода на здружување во Уставот на Република Северна Македонија[39], а клучен закон е Законот за јавни собири (ЗЈС) според кој граѓаните имаат право на спонтани, симултани и контра собири, за што не е потребно претходно најавување[40]. Во ЗЈС се јасно наведени ограничувањата на местата за собирање[41]. ЗЈС има одредени недостатоци кои не беа подобрени во текот на годината: обврските и одговорностите на организаторот не се јасно дефинирани, високи парични казни за организаторот во случај на штета, странците треба да побараат одобрување за да може да организираат собир, со сериозни казни за непочитување на одредбите.
До крајот на 2019 година беше изготвена и опсежно изменета и рестриктивна верзија на ЗЈС и споделена на ЕНЕР за јавни консултации: потребни најмалку 50 лица за да се одржи собир, проширување на списокот со места каде собирите се ограничени, забраната за учесниците да ги покријат лицата и главата и регулирање на времето на одржувањето на собири 6 до 23 часот[42]. При изготвувањето на овие мерки не беа консултирани релевантни ГО и после сериозни реакции до јавноста и ГО на социјалните медиуми, Владата брзо реагираше и го повлече законот[43][44].

Клучен закон со кој се регулира употребата на сила во јавните собири е Законот за полиција[45]. Во текот на 2019, Законот за полиција не беше подобрен во однос на некои од детектираните слабости: чување видео снимки во период од 45 дена и вршење на аудио и видео снимање без најава[46].

На граѓанските организации им беше овозможено и беа заштитени да одржат бројни мирни јавни собири со и без претходни одобрувања. Се одржаа симултани, спонтани и контра-собири. Во текот на 2019 година, Министерството за внатрешни работи евидентираше вкупно 525 најавени и 298 ненајавени јавни собири[47]. Најголем дел од собирите 67% (најавени 361 и 189 ненајавени) имаа за цел да изразат протест или мислење за прашања што се однесуваат на одредени групи граѓани, додека 33% (164 најавени и 109 ненајавени) беа митинзи на политичките партии поврзани со претседателски избори и други активности на политичките партии. Повеќе од половина од најавените (56%) и ненајавени (55%) собири се одржаа во Скопје. Прашањата за кои граѓаните протестираа беа бројни и разновидни. Повеќето од протестите беа против промена на името (141) во Скопје. Потоа, различни права на

[39] Член 21, Устав на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 52/1991)
[40] Закон за јавни собири („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 55/95, 19/06, 119/06, 66/07, 152/15)
[41] Член 2а, Закон за јавни собири („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 55/95, 19/06, 119/06, 66/07, 152/15);
[42] Институт за европска политика (2019) Бранители на човекови права во Западен Балкан [Интернет] ЕПИ. Адреса: https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2019/12/Human-Rights-Defenders-Report.pdf [Посетена на 20.02.2020]
[43] МЗМП (2019) Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија 2019 [Интернет] MYLA. Адреса: https://myla.org.mk/publications/%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%88%d0%b5%d0%bd-%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d1%98-%d0%b7%d0%b0-%d0%b5%d1%84%d0%b8%d0%ba%d0%b0%d1%81%d0%bd%d0%be%d1%81%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d1%80-4/ [Посетена на 20.02.2020]
[44] Сите за правично судење (2019) Недемократско ограничување на правото на протест [Интернет] Сите за правично судење. Адреса: https://all4fairtrials.org.mk/?p=2689&lang=mk [Посетена на 20.02.2020]
[45] Закон за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/2016, 21/18 и 64/18).
[46] Член 93-а Закон за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/2016, 21/18 и 64/18).
[47] Одговор од Министерството за внатрешни работи на барањето за пристап до информации испратено од МЦМС на 28.01.2020

работниците (121 протест во 8 града), заштита на животната средина и климатски промени (63 протести во 7 градови), потреба за подобрување на локалната инфраструктура (26 во 4 града), земјоделство (17 во 4 града) и други прашања[48]. Покрај протестите поврзани со промената на името, можеме да заклучиме дека животната средина беше најистакнато прашање за кое луѓето протестираа (разни аспекти на животната средина, како што се загадувањето на воздухот, рудници, депонија, сечење дрвја, отпад, климатски промени и сл.) Покрај тоа, бројни работници излегоа на улиците за да ја искажат својата загриженост за нивните услови и статусот. Одредени барања беа исполнети од страна на Владата, на пр. за рудникот Иловица во Струмица, Владата го откажа договорот со концесионерот после мобилизација и активизам со притисок за одземање на дозволата[49].

Според анкетата, 60,7% (99) испитаници учествувале во јавен собир или индивидуално или преку организацијата (како учесници и како организатори).

Графикон 3. Дали вие или други лица од Вашата организација се соочиле со некои од следните ситуации кога го практикувале правото на слободно собирање:
(%)




Наведени беа неколку ограничувања на собирање. Вкупно 12 случаи истакнуваат административни оптоварувања и други ограничувања (пет случаи на административни оптоварувања; три ограничувања на физички пристап; три ограничувања на посакуваното време за протест и во еден случај прекумерна употреба на сила од страна на полицијата). Вкупниот број на приведени лица на јавните протести беше: Скопје (8) и во Охрид (1-политички протест). Во Битола беа поднесени жалби против полициски службеници од страна на граѓани кои биле незадоволни од однесувањето на полицијата за време на јавните собири[50]. Покрај тоа, Единицата за внатрешна контрола, кривични истраги и професионални стандарди во рамките на МВР постапи по две жалби за употреба на полициска сила за време на јавен собир (за време на ракометен натпревар и за време на протест против полициската бруталност). Сите беа оценети како неосновани.

[48] Врз основа на нашите истражувања на документите, некои од тие протести организирани според прашањето беа: животна средина (Петоци за иднина, концесија за 8 каменоломи кои можат да ја уништат природата на планината, протести Иловица, Спаси ја Попова Шапка, Лесница, Каменоломи, неформална иницијатива - Не биди ѓубре , Протест против загадување „Рак на општеството“, нов марш против загадување, средни училишта против загадување, струмички протест против загадување, петиција против депонија во Неготино, протест против депонијата „Скопје Чернобил“ во Ѓорче, герила акција против сечење дрвја во Скопје, протест во Битола против загадувањето), ЛГБТ (Парада на гордоста) и контра протест, урбани политики (на велосипед, на велосипед - Битола, протест во Штип за јавни тоалети, герила акции во Охрид, Битола, Струмица и Скопје - Непристапно за лицата со посебни потреби, Отстранета изложба на активисти во Тетово), протести против промена на името, работнички права (поранешни вработени во Охис, работници во јавни институции (професори на универзитети и средни училишта, културни работници, медицински лица, СОНК, полиција, синдикат во Куманово, Полициски протест за поголеми плати, штрајк на уметници, марш на сексуални работници, Протест на здружени организации за избор на директори на институции, „Ние сме лекари исто така“ – протест на специјализирани со ко-финансирање, протести на текстилни работници, протест на судска администрација, протест на судски извршители, Протест на вработени во ЗК Пелагонија, протест на независен полициски синдикат), канализација, права на жената, земјоделство, усвојување на закон за антидискриминација, судски процеси (протести за слобода на Алими, поддршка за Ел Чека, Диво Населје, марш за решавање на судски предмети), локални протести против центар за зависности, протести против сиромаштија, права на здравствена заштита (протести на студенти за бесплатно вакцинирање)), итн.
[49] Радио Слободна Европа (2019) Владата го раскина договорот за концесија за рудникот Иловица [Интернет] Скопје, Радио Слободна Европа. Адреса: https://www.slobodnaevropa.mk/a/30329996.html [Посетена на 20.02.2020]
[50] Одговор од Министерството за внатрешни работи на барањето за пристап до информации испратено од МЦМС на 28.01.2020

### 1.2.2. Слобода на изразување

Законската рамка го гарантира правото на слобода на изразување за сите. На граѓанските организации кои се занимаваат со унапредување на човековите права и демократијата им е дозволено слободно да зборуваат и да се вклучат во застапување. Слободата на изразување е загарантирана преку опсежна законска регулатива: Устав[51], Закон за медиуми[52], Закон за радиодифузна дејност[53], Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета[54], како и Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер[55].
Во текот на годината не беше постигнат значителен напредок во однос на законската рамка со која се уредува слободата на изразување, конкретно, измена на недостатоците кои се идентификувани во итните реформски приоритети.

Следејќи ги глобалните и регионалните трендови на лажни вести и кампањи за дезинформации, владата објави и подготви Акциски план за справување со прашањето за дезинформации и лажни вести, а граѓанското општество беше поканeто да учествува[56]. Одговорот од страна на здруженијата на новинари на овие случувања беше дека владата треба да дозволи саморегулација (за што релевантните организации веќе преземаа повеќе активности)[57]. Наспроти заложбата за саморегулација, акциската група од Владата ги започна своите активности.

Законодавството предвидува ограничувања на говорот на омраза. Клучен законски акт е Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета[58] според кој не е потребно да се добие дозвола за јавно обраќање или презентација/предавање; и не постои услов публикациите на организациите да бидат претходно одобрени. Законот не беше изменет во текот на целата година, иако беа дадени индикации во документот за итните реформски приоритети дека бројот на случаи на клевета во судовите, главно насочени кон новинарите, треба да се намали со воведување мерки.

Во практика, беше постигнат напредок кон почитување на слободата на изразување, особено кога станува збор за медиуми и подобрување на климата за новинарство. Земјата беше рангирана на 95-то место според светскиот индекс за слобода на медиумите во 2019 година, искачувајќи се за 14 места во однос на 2018[59]. Сепак, новинарите сѐ уште беа мета на непријателство и закани и продолжува културата на неказнивост на нападите врз нив. Забележани се следниве случаи: вербални и физички напади врз новинари[60], притисоци врз новинарите кои истражуваат организиран криминал во градежни активности [61], физички напад врз новинарка од страна на обезбедувањето за време на вреска манифестација[62], две новинарки беа цел на говор на омраза и закани од државен службеник[63], присилно бркање на претставници на медиумите од зградата на Уставниот суд[64][65], каде што беа претходно поканети, да го следат состанокот на претседателот на судот и ЕУ амбасадорот Жбогар. Понатаму, според ЗНМ, сѐ уште опстојува културата на неказнивост за напади на новинари, бидејќи од шеесет напади во изминатите шест години, 13 не се истражени, а многу остануваат нерешени. [66]

[51] Устав на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 52/1991)
[52] Закон за медиуми („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 184/13, 13/14);
[53] Закон за радиодифузна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12 и 72/13).
[54] Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 143/12)
[55] Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18).
[56] Влада на Република Северна Македонија (2019) Предлог план за одлучна акција против ширење дезинформации и против напади врз демократијата (2019). [Интернет] Скопје, Влада на Република Северна Македонија. Адреса https://vlada.mk/node/18640 [Посетена на 25/11/2019]
[57] DW (2019) Критики на владиниот план за борба против лажни вести или тропање на отворена врата [Интернет] Скопје, DW. Адреса: https://www.dw.com/mk/%D0%BA%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B1%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2-%D0%BB%D0%B0%D0%B6%D0%BD%D0%B8-%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8-%D0%B8%D0%BB%D0%B8-%D1%82%D1%80%D0%BE%D0%BF%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B0/a-49753323 [Посетена на 20.02.2020]
[58] Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 143/12)
[59] Репортери без граници (2019) 95-ти во 2019 Светски индекс за слобода на медиумите [Интернет] Репортери без граници. Адреса: https://rsf.org/en/republic-north-macedonia [Посетена на 20.02.2020]
[60] Здружение на новинари на Македонија (2019) Хроника за (не)безбедноста на новинарите [Интернет] Скопје, ЗНМ. Адреса: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2019/12/web-MK-hronika-za-ne-bezbednosta-na-novinarite.pdf [Посетена на 20.02.2020]
[61] Радио МоФ (2019) ЗНМ: Заканите кон екипата на ИРЛ се сериозен обид да се замолчи истражувачкото новинарство [Интернет] Скопје, Радио МоФ. Адреса: https://www.radiomof.mk/znm-zakanite-kon-ekipata-na-irl-se-seriozen-obid-da-se-zamolchi-istrazhuvachkoto-novinarstvo/ https://rsf.org/en/republic-north-macedonia [Посетена на 20.02.2020]
[62] МЗМП (2019) Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија 2019 [Интернет] МЗМП. Адреса: shorturl.at/kBRZ7 [Посетена на 20.02.2020]
[63] Опсерваторија на медиумските реформи (2020) Новинарските здруженија од регионот ги осудија заканите и навредите врз новинарките во Македонија [Интернет] Скопје, Опсерваторија на медиумските реформи. Адреса: http://mediaobservatorium.mk/novinarskite-zdruzhenija-od-regionot-gi-osudija-zakanite-i-navredite-vrz-novinarkite-vo-makedonija/ [Посетена на 20.02.2020]
[64] 24 вести (2019) Скандал во Уставен суд: Новинарите избркани надвор [Интернет] Скопје, 24 вести. Адреса: https://www.24.mk/details/skandal-vo-ustaven-novinarite-izbrkani-nadvor
[65] Радио МоФ (2019) ЗНМ и ССНМ го осудија бркањето новинари од Уставниот суд. [Интернет] Скопје, Радио МоФ. Адреса: https://www.radiomof.mk/znm-i-ssnm-go-osudija-brkanjeto-novinari-od-ustavniot-sud/ [Посетена на 20.02.2020]
[66] Здружение на новинари на Македонија (2019) Безбедноста на новинарите е клучна за постоење на независни и професионални медиуми [Интернет] Скопје, ЗНМ. Адреса: https://znm.org.mk/%D0%B1%D0%B5%D0%B7%D0%B1%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B5-%D0%BA%D0%BB%D1%83%D1%87%D0%BD%D0%B0-

Последниот извештај на БЧП за земјата покажува дека бранителите на човековите права кои работат на полето на новинарството не се чувствуваат ниту слободни ниту ограничени во остварувањето на својата слобода на мислење и изразување[67]. Тие потврдуваат дека климата е поповолна, но сепак се изложени на постојани закани и притисоци, и обично се дискредитираат доколку се поврзани со граѓански организации.

Според истражувањето, над 90% ГО не се соочиле со ограничувања на слободата на изразување. Сепак, регистрирани се случаи на ограничувања или притисоци.

Графикон 4. Дали вие или други лица од Вашата организација се соочиле со некои од следните ситуации кога го практикувавте правото на слободно изразување:
%




Имено, осум ГО практикуваат самоцензура, седум ГО се соочиле со притисок за критички говор против владата или приватни субјекти, а седум ГО се соочиле со притисок врз нивните активности за застапување. Во текот на годината, ГО беа во можност слободно да реагираат на дискриминаторски, штетни изрази и изрази со омраза во јавноста[68].

### 1.2.3. Примање и пренесување информации

Слободниот пристап до информации, слободата да се примаат и пренесуваат информации се загарантирани во Уставот[69], и дополнително разработени во законски акти, како што се: Законот за следење на комуникациите[70], Законот за електронски комуникации[71], Законот за кривична постапка[72], Законот за медиуми[73], Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски

%D0%B7%D0%B0/ [Посетена на 20.02.2020]

[67] Институт за европска политика (2019) Бранители на човекови права во Западен Балкан [Интернет] ЕПИ. Адреса: https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2019/12/Human-Rights-Defenders-Report.pdf [Посетена на 20.02.2020]

[68] http://www.govornaomraza.mk/; https://www.semm.mk/

[69] Устав на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 52/1991)

[70] Закон за следење на комуникациите („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 71/18).

[71] Закон за електронски комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18).

[72] Закон за кривична постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18).

[73] Закон за медиуми („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 184/13 и 13/14).

услуги[74], Законот за заштита на приватноста[75], итн.  Наспроти потребата за сеопфатни промени, немаше значителен напредок во текот на годината.[76]

Законската рамка содржи определени гаранции против незаконското следење на каналите за комуникација. Во однос на состојбата со заштитата на личните податоци, системот е делумно функционален од мај 2019, затоа што Дирекцијата за заштита на личните податоци не успеа да назначи нов директор и заменик директор, што има други релевантни последици врз работата на институциите[77].

Во практика има многу малку случаи каде што на ГО им се наметнати ограничувања на пристапот до било кој извор на информации.

Графикон 5. Дали вие или други лица од Вашата организација се соочиле со некои од следните ситуации кога го практикувавте правото на слободно изразување:
(%)




Според анкетата, над 90% ГО не се соочиле со било какво ограничување, сепак, 14 ГО навеле дека имале ограничен пристап до информации, а шест ГО  имале блокирани/пробиени алатки за комуникација.

Постојат значајни предизвици за одржливоста и предизвиците на новинарството[78]. Друг предизвик за Владата, и покрај обидот да го подобри својот пристап кон медиумите, беше зголемувањето на вестите од социјалните медиуми кои вклучуваат лажни вести и дезинформации. За проактивно справување со трендот на дезинформации и лажни вести, две граѓански организации, во декември 2019 година, ЗНМ и Советот за етика во медиумите го објавија регистарот на професионални онлајн медиуми, составен од 70 членови, кои се придржуваат кон задолжителните критериуми поставени од Советот[79].

Позитивните движења во овој поглед, покажуваат дека медиумското покривање на граѓанското општество е подобрено и се користи од страна на граѓанските организации за застапување за одредени прашања, подигање на свеста и општо претставување на нивната работа и придонес во дебатата. Одредени граѓански организации и тинк-тенк организации постојано се препознаваат од традиционалните медиуми, како што е телевизијата (се канат на ТВ дебати и во информативни емисии).

Во Северна Македонија, пристапот до интернет е евтин и достапен за сите. Според последните податоци од Државниот завод за статистика[80], во првото тримесечје од 2019, 81,8% од домаќинствата имале пристап до интернет од дома. Учеството на домаќинствата според типот на населеното место со широкопојасен интернет во вкупниот број домаќинства е 85,7%. Од вкупното население на возраст од 15 до 74 години, интернет користеле 81.4 %, а 72.9 % го користеле секој ден или речиси секој ден.

[74] Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18).
[75] Закон за заштита на приватноста („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 99/16).
[76] Опсерваторија на медиумските реформи (2019) Ванхауте: Разочарувачки малубројни се реформите во медиумите [Интернет] Скопје, Опсерваторија на медиумските реформи. Адреса:  http://mediaobservatorium.mk/vanhaute-razocharuvachki-malubrojni-se-reformite-vo-mediumite/?fbclid=IwAR1YN-Y6nktcXI_LMSbGSxlMy4fx2q-eXSnoG5xr43vzC3LbpRx2TyVyMWk [Посетена на 20.02.2020]
[77] МЗМП (2019) Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија 2019
[78] Ирекс (2019) Индекс за одржливост на медиумите 2019 [Интернет] Ирекс. Адреса: https://www.irex.org/sites/default/files/pdf/media-sustainability-index-europe-eurasia-2019-full.pdf [Посетена на 20.02.2020]
[79] Портал Професионални онлајн медиуми: https://www.promedia.mk/main
[80] Државен завод за статистика (2019) Користење на информатичко-комуникациски технологии во домаќинствата и кај поединците, 2019 [Интернет] Скопје, Државен завод за статистика. Адреса: http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=77&rbr=3126 [Посетена на 20.02.2020]

**Рамка 2: Оценка на Насоките од ЕУ**
**Подобласт 1.2. Поврзани слободи**

**Резултат 1.1.** Слободата на собирање и изразување беше загарантирана за сите во закон и практика. Законот не ограничува спонтани, истовремени и контра-собири и беа овозможени бројни мирни собири во текот на целата година. Не се бара претходно одобрување за мирен собир. Повеќето предвидени ограничувања се во согласност со најдобрите практики. Законот не предвидува ограничувања на слободата на изразување, како што е ограничување на говорот на омраза, ниту ограничувања на каналите за комуникација преку кои се прима и се дава порака кои не се во согласност со меѓународните стандарди. Медиумската клима и третманот на новинарите се подобри, но сепак опстојуваат одредени притисоци и закани кон истражувачките новинари и активистите од граѓанското општество.

# Област 2: Рамка за финансиска одржливост на граѓанските организации

## Подобласт 2.1. Даночен/фискален третман на ГО и нивните донатори

### 2.1.1. Даночни олеснувања

Реформата за прогресивно оданочување која беше воведена на крајот на 2018 година, опфати усвојување на измени и дополнувања на два закони кои се релевантни за граѓанските организации, Законот за данок на добивка[81] и Законот за данок на личен доход[82]. Меѓутоа, во текот на 2019 година, дел од законските решенија од реформата за прогресивно оданочување “беа ставени во мирување во следните три години” од страна на новата министерка за финансии[83]. За среќа, немаше измени во одредбите кои ги засегаат граѓанските организации. Имено, ГО не се субјект на Законот за данок на добивка, а новиот Закон за данок на личен доход ги иззема во поглед на надоместокот на волонтерите, потоа сите трошоци за сместување, храна и превоз за учесници на настани организирани од страна на ГО и патни трошоци за лица кои учествуваат на образовни активности и настани на образовни институции и организации во странство.

Понатаму, Законот за данок на додадена вредност (ДДВ)[84]) беше изменет и стана поповолен за ГО. Имено, со измената сите даночни обврзници (вклучително и граѓанските организации), чиј вкупен обрт го надминува износот од 2 милиони денари (приближно 32.000 евра) во изминатата календарска година или чиј вкупен обрт се очекува да го надмине износот на почетокот на вршењето на деловната активност или да го надмине износот во текот на годината, е должен да се регистрира за ДДВ. Претходниот праг беше значително понизок, 1 милион МКД (околу 16.000 евра) и претставуваше товар на ГО кои планираа да се вклучат во економска активност

На крајот, грантовите и донациите од странски донатори се ослободени од плаќање ДДВ, а предуслов е проектот да се регистрира во Централната база на податоци за донаторска помош која ја води Секретаријатот за европски прашања[85]. Ослободувањата од ДДВ се најчесто користени даночни ослободувања.

Графикон 6. Каков вид на даночни бенефиции (олеснувања, ослободувања, и др.) се користат во работата на Вашата организација? (%)




Според анкетата, скоро половината (48.47%) ГО користат ослободување од ДДВ, 5.52% користат ослободување од данок на личен доход и 3.07% ослободување од данок од економска

[81] Закон за данок на добивка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18).
[82] Закон за данок на личен доход („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр . 241/2018 и 275/2019).
[83] Министерство за финансии (2019) Ангеловска: Прогресивниот данок се става во мирување, следните 36 месеци личниот доход ќе се даночи со 10 проценти [Интернет] Скопје, Министерство за финансии. Адреса: https://finance.gov.mk/mk/node/8307 [Посетена на 20.02.2020]
[84] Закон за измена и дополнување на Законот за данок на додадена вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19)
[85] Правилник за начинот на спроведување на даночното ослободување од плаќање на данок на додадена вредност на промет на добра и услуги наменети за реализација на проект кој е финансиран со парични средства добиени врз основа на договор за донација склучен помеѓу Република Македонија и странски донатор во кој е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат даноци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/14)

активност. Над една третина (34.36%) не користат ослободувања, а 14.11% одговориле дека не знаеле дека даночните олеснувања се достапни за нивната организација. Долгата и тешка постапка во Секретаријатот за европски прашања за регистрација на проект носи дополнителни трошоци и потешкотии за ГО.

Законодавството обезбедува бенефиции за економски активности за сите ГО, според Законот за данок на добивка, тие не плаќаат данок на добивка и прецизира кој приход не се оданочува. Приходот се оданочува кога ќе се надмине вкупниот праг од еден милион денари (приближно 16.000 евра), тогаш данокот од 1% се пресметува само за износот што го надминува прагот. Покрај економските активности, приходи што не се оданочуваат се: оние од членарини, добротворни придонеси, донации, грантови, подароци (во пари, добра, права на сопственост), тестаменти, легати, приходи од дивиденди од трговски друштва основани со средства на здружението и приходи од Буџетот. Според истражувањето, пет ГО користат даночни олеснувања за економска активност. Додека од вкупно 84 ГО кои се изјаснија дека користат даночни олеснувања, 26 изјавија дека не знаат, додека останатите сметаат дека административните обврски за користење даночни поволности за економски активности се во просек на 6-ти степен на тежина (на скала од 1 до 10, каде што 1 е воопшто не е тешко).

### 2.1.2. Поттикнувања за индивидуални и корпоративни донации

Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД)[86] предвидува даночни поттикнувања за индивидуални и корпоративни донации на граѓанските организации. Според ЗДСЈД [87] лице кое донира средства има право на намалување на пресметан, а неплатен персонален данок на доход или враќање на платениот данок утврден врз основа на неговата годишна даночна пријава во висина на донацијата, но не повеќе од 20% од годишниот даночен долг на донаторот, и најмногу до 390 евра. Претпријатијата можат да користат даночни бенефиции во износ од 5% во случај на донација и 3% во случај на спонзорство. Одделението за соработка со невладини организации го извести Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор дека локална невладина организација Конект заедно со Министерството за финансии се во последна фаза на подготовка на измените во ЗДСЈД, за подобрување на неговото функционирање (сложена административна постапка, утврдување јавен интерес за конкретна донација/спонзорство, итн.)[88].

Индивидуалните и корпоративните донации не се практикуваат доволно, особено кон граѓанскиот сектор. Според анкетата, 24% од ГО добиваат средства од индивидуални, а 18% од корпоративни донатори. Административната процедура за даночни поттикнувања не е поддржувачка.

Графикон 7. Ве молиме изберете го степенот на согласување со следните изјави во однос на процедурата за користење на даночните поттикнувања за приватни донатори:
(%)




[86] Закон за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15).
[87] Ibid.
[88] Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2019) Записник од шеснаесеттата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор [Интернет] Скопје, Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Zapisnik_16_sednica_na_Sovetot.pdf [Посетена на 20.02.2020]

Според истражувањето, повеќе граѓански организации се согласуваат (19,6%) отколку што не се согласуваат (8%) дека постапката за добивање даночни поволности за индивидуални донатори е тешка, додека 23,9% одговориле дека не знаат. Кога станува збор за постапката за добивање даночни поволности за корпоративни донатори, 17,8% ГО се согласуваат дека постапката е тешка, 8% не се согласуваат и 25,8% не знаат.

Според Катализатор Балкан, донациите за добротворни цели бележат пад од 13,4%[89]. Најголем дел од донациите доаѓаат од граѓани (46,1%), компании (40,4%) и поединци (7,4%). Донации се даваат за здравствена заштита (23,2%), маргинализирани лица, сиромаштија и образование. ГО како корисници на донацијата се на второ место (29,3%) и граѓаните се најактивни донатори на ГО (70%), додека корпоративниот сектор е на второ место со значително намалување.

Граѓанските организации можат да се стекнат со статус на организации од јавен интерес (ОЈИ) според ЗЗФ[90], но не се предвидени никакви придобивки. Четири ГО имаат статус на организации од јавен интерес ( во 2019 година само на една организација ѝ беше доделен статус на ЈИ)[91]. Комисијата за организации со статус од јавен интерес ја одржа петтата седница во 2019 година и донесе заклучок дека Одделението за соработка со НВО треба да изготви анализа на законодавството со кое се уредува статусот од јавен интерес и компаративна анализа.

Конечно, концептот на корпоративна општествена одговорност (КОО) се сфаќа како потенцијално охрабрувачко за корпоративните донации, и затоа сè уште е од интерес за Владата. Министерството за економија донесе Среднорочна стратегија за КОО (2019-2023) со цел да се дефинира и спроведе сеопфатен пристап кон промовирање и унапредување на КОО со фокус на бизнисите[92.]. ГО се наведени како спроведувачи во некои од мерките/активностите од акцискиот план на Стратегијата.

**Рамка 3: Оценка на Насоките од ЕУ**
**Подобласт 2.1. Даночен/фискален третман на граѓанските организации и нивните донатори**

**Резултат 2.2. & 2.3.** ГО не подлежат на Закон за данок на добивка, а приходот од економска активност поврзана со мисијата на ГО, е ослободен од данок до износот на годишен приход од 16.000 евра годишно од економска активност, потоа се пресметува данок од 1% на износот кој го надминува прагот. Законот за данок на личен доход, исто така, предвидува одредени исклучоци. Конечно, ЗСДЈД дава даночни стимулации за индивидуални (20% со ограничување) и корпоративни (3-5%) донации. Сепак, ЗСДЈА треба да се измени и дополни, особено во постапката со цел да се стимулираат донациите. ГО најчесто ја користат можноста за ослободување од ДДВ за активностите што ги спроведуваат во рамките на проекти финансирани од странство, иако постапката за регистрација на проектите во СЕП беше оценета како особено долга и тешка.

89 Буено Момчиловиќ Т., Бекчиќ, Е. (2019) Северна Македонија донира – Годишен извештај за состојбата на филантропијата [Интернет] Скопје, Катализатор Балкан. Адреса: https://www.slideshare.net/CatalystBalkans/2018-193149173
[90] Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 52/10, 135/11 и 55/16).
[91] Одделение за соработка со НВО (2019) Листа на здруженија и фондации на кои им е доделен статус на организација од јавен интерес [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/284 [Посетена на 20.02.2020]
[92] Министерство за економија (2019) Среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија [Интернет] Скопје, Министерство за економија. Адреса: http://www.economy.gov.mk/Upload/Documents/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%9E%D0%9E%20%D0%BE%D0%BA%D1%82%D0%BE%D0%BC%D0%B2%D1%80%D0%B8%202019.pdf [Посетена на 20.02.2020]

## Подобласт 2.2. Поддршка од државата

### 2.2.1. Достапност на јавно финансирање

Законската регулатива содржи одредени одредби за државна поддршка за институционален развој, поддршка на проекти и ко-финансирање на проекти финансирани од ЕУ, кои обично таргетираат сегменти или потсектори на граѓанското општество. Има неколку правни документи кои обезбедуваат основа за децентрализиран механизам за распределба на јавните средства на граѓанските организации, а кој постои со поголеми недостатоци. Клучни закони и подзаконски акти се: ЗЗФ[93], Закон за извршување на буџетот[94], Закон за игри на среќа и за забавни игри[95], Одлука за распределба на приходите од игрите на среќа и забавните игри[96], критериуми за распределба на приходите од игрите на среќа и забавните игри, Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации[97]. Други закони исто така регулираат некои аспекти на државната поддршка во различни области, како: спорт, култура, здравство, итн.

Законската рамка во однос на јавното финансирање на граѓанските организации не беше суштински подобрена во текот на годината. Мерките поврзани со сеопфатната реформа за јавно финансирање, предвидена во новата Стратегија, се очекуваат до крајот на првото тримесечје од 2020[98]. Во текот на годината, напори на високо ниво беа посветени на прашањето за државно финансирање, на конференција организирана од граѓански организации, каде што тогашниот премиер Заев силно ја потврди подготвеноста на Владата за подобрување на постојниот модел.

Механизмот за распределување на буџетот за граѓански организации е децентрализиран. Главната ставка на буџетот за ГО од буџетот која е 463 - трансфери до невладини организации (НВО), продолжува да предизвикува забуна дека средствата се наменети за невладини организации иако најголемата распределба од оваа ставка на буџетот е за политичките партии и спортските клубови. Дополнително, кон оваа забуна придонесува отсуството на увид во износот на средства распределени по буџетски под-ставки во буџетот (или завршна сметка) објавени од Министерството за финансии[99]. Покрај тоа, се користат други буџетски ставки за распределување на средства од страна на различни државни институции, како што е 464 - Различни трансфери.

Финансирањето од буџетот за 2019 на централно ниво, беше распределено преку девет различни државни институции (без Министерството за одбрана споредено со 2018)[100]. Тие беа: Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство (МЗ), Министерството за култура (МК), Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), Агенцијата за млади и спорт и Фондот за иновации и технолошки развој.

Стратешкиот пристап во доделувањето на буџетски средства на здруженијата и фондациите е обврска на државните институции според бројни законски акти: Закон за буџет[101], ЗЗФ[102], Закон за игри на среќа и забавни игри[103], Кодекс[104], Одлука за критериумите и процедурите за распределба на средства за финансирање на програмски активности на здруженијата и фондациите од буџетот[105]. Различни институции изготвуваат бројни стратешки документи кои го земаат предвид јавното финансирање на ГО: Програма за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации[106], Стратешки план на Министерството за труд и

[93] Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 52/10, 135/11 и 55/16).
[94] Закон за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 238/18).
[95] Закон за игри на среќа и за забавни игри („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16).
[96] Секоја година се носи нова одлука според Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2019 („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 26/19).
[97] Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 130/07).
[98] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2018) Стратегија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со акциски план 2018-2020 [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО. https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=node/250 [Посетена на: 15/4/2019]
[99] Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 130/07).
[100] Хафнер Адеми, Т., Митевски В., Стојкоски, В., Мојаноски, Г. (2019) Анализа на финансиската поддршка за здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/3.2.Analiza.pdf [Посетена на: 25/11/2019]
[101] Закон за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 238/18).
[102] Закон за здруженија и фондации
[103] Закон за игри на среќа и за забавни игри („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16).
[104] Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 130/07).
[105] Одлука за критериумите и процедурите за распределба на средства за програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на Република Северна Македонија (“Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 23/09)
[106] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2019) Програма за финансирање на програмски активности

социјална политика (2020-2022)[107], Национална стратегија за развој на културата[108], Стратешки план на Министерството за здравство[109], Стратегија за отворени податоци[110], Стратешки план на Министерството за образование и наука[111], Стратешки план на Агенцијата за млади и спорт[112], Национална стратегија за женско претприемништво[113], и многу други.

Процедурите пропишани за учество на граѓански организации во сите фази од циклусот на јавно финансирање имаат недостатоци. Имено, Кодексот предвидува јасни постапки во врска со аплицирање и спроведување на проекти од страна на граѓански организации, но не и за консултации за приоритетите за финансирање или учество при избор на проекти или следење и оценување[114].

Според анкетата, 25% од ГО се согласуваат дека учествуваат во процесот на утврдување на приоритети за државно финансирање, 65,5% од ГО не се согласуваат.

Јавно финансирање е достапно за некои делови од граѓанскиот сектор. Државното финансирање е речиси непрепознатлив извор на приход за граѓанските организации и доколку има одредено средства на располагање, тие се за ограничен број организации. Недостаток на расположливи средства во практика претставува сериозен предизвик за ГО. Според последното истражување на темата[115], ако ја разгледаме буџетската ставка 463-Трансфери до НВО, планирани се вкупно 512 милиони денари (околу 8,3 милиони евра) според информациите доставени од разни државни институции кои издвојуваат средства. Според планираниот буџет е 726 милиони денари (приближно 11,8 милиони евра).)[116]. Просечниот износ по граѓанска организација е пресметан на 180.432 ден. (околу 2.922 ЕУР). Понатаму, учеството на јавното финансирање во вкупниот приход на секторот е 15,98% (вклучително и општините); и 11,23% (само финансирањето на централно ниво) за 2018 година.[117]. Системот на јавно финансирање претежно обезбедува годишна поддршка на проекти за граѓанските организации, но сепак постојат одредени форми на поддршка што може да се сметаат како мешавина помеѓу институционална и поддршка на проекти. Тие се, 17% преку Министерството за труд и социјална политика (МТСП) и 2% преку Агенцијата за млади и спорт (АМС) (од вкупната расположлива сума за ГО за 2018). Има примери за ко-финансирање и преку Министерството за економија, Министерството за култура, Министерството за локална самоуправа, но сумите не се јасно претставени. Најголемиот удел од државното финансирање за ГО се распределува преку МТСП и АМС. Според последните достапни податоци, финансирањето од Владата иако се зголеми за 5% во 2018 споредено со 2017[118], истото се намали за 13% во 2019, споредено со 2018.

на здруженија и фондации за 2019 година [Интернет] Одделение за соработка со НВО. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/programa%205%202019.pdf [Посетена на 20.02.2020]

[107] Министерство за труд и социјална политика, Стратешки документи [Интернет] Министерство за труд и социјална политика. Адреса: http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx [Посетена на 20.02.2020]

[108] Министерство за култура, Национална стратегија за развој на културата [Интернет] Министерство за култура. Адреса: http://kultura.gov.mk/nacionalna-strategija-za-razvoj-na-kultura/ [Посетена на 20.02.2020]

[109] Министерство за здравство, План за имплементација [Интернет] Министерство за здравство. Адреса: http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2019/01/USOGLASEN-plan-19-21.pdf [Посетена на 20.02.2020]

[110] МИОА, Стратегија за отворени податоци (2018-2020) [Интернет] МИОА. Адреса: http://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/strategies/open_data_strategy_en.pdf [Посетена на 20.02.2020]

[111] Министерство за образование и наука (2020) Стратешки план 2020-2022 [Интернет] МОН. Адреса: https://www.netflix.com/watch/80191861?trackId=155573558 [Посетена на 20.02.2020]

[112] Агенција за млади и спорт (2019) Стратешки план на Агенцијата за млади и спорт (2019-2021) [Интернет] АМС. Адреса: http://ams.gov.mk/documents/Strateski%20plan%202019%20do%2020121.pdf [Посетена на 20.02.2020]

[113] Министерство за економија (2018) Стратегија за развој на женско претприемништво во Република Северна Македонија, 2019-2023 [Интернет] Министерство за економија. Адреса:http://www.economy.gov.mk/Upload/Documents/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%BE%20%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%82%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%B5%D0%BC%D0%BD%D0%B8%D1%88%D1%82%D0%B2%D0%BE%20%D0%B2%D0%BE%20%D0%A0%D0%B5%D0%BF%D1%83%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B0%20%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0%202019-2023.pdf [Посетена на20.02.2020]

[114] Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 130/07).

[115] Хафнер Адеми, Т., Митевски В., Стојкоски, В., Мојаноски, Г. (2019) Анализа на финансиската поддршка за здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија.

[116] Министерство за финансии, Ребаланс на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година [Интернет] МФ. Адреса: https://finance.gov.mk/files/u6/REBALANS%202019%20-%20za%20objavuvanje%20%2808.10.2019%29.pdf [Посетена на 20.02.2020]

[117] Хафнер Адеми, Т., Митевски В., Стојкоски, В., Мојаноски, Г. (2019) Анализа на финансиската поддршка за здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија.

[118] Ibid.

Графикон 8. Ве молиме изберете го типот на државна поддршка која Вашата организација ја добила од национални или локални органи на државна управа:
(%)




Наодите од истражувањето даваат докази за недостаток на достапно јавно финансирање, бидејќи 56 (34%) ГО добиле поддршка за проекти, три ГО добиле институционален грант, а 15 ГО добиле ко-финансирање на ЕУ проекти. Покрај тоа, третина од ГО (29,8%) се согласуваат, а 56% ГО не се согласуваат дека државното финансирање е доволно и соодветно за потребите на ГО.

### .2.2. Распределба на државното финансирање

Правната рамка што ја обезбедува постапката за државно финансирање, содржи одредени одредби во различни правни акти за транспарентност и отчетност (Закон за извршување на буџетот[119], Одлука за критериумите и процедурите за распределба на средства за програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на[120] и Кодексот). Немаше напредок во подготовката на правен акт за стандардизирање на постапката за распределување на јавни средства, бидејќи е предвидено тоа да се реализира во 2020г. [121]. Бројни законски акти содржат одредби за различни делови од процесот на распределба на јавни средства. Во однос на објавување на постапката за грант: Закон за извршување на буџетот[122], Закон за животна средина[123], Закон за култура[124] и поконкретно кога станува збор за објавување на отворен повик за специфичен тип: Закон за спортови[125], Закон за игри на среќа и за забавни игри[126], Закон за социјална заштита[127]. Што се однесува на делот на носење одлуки, критериумите и процедурата за селекција на ГО се утврдени во неколку законски акти (Кодекс, МТСП, АМС). Потоа, основата за формирање на стручни тела (комисии, совет), за проценка и одлучување за апликантите, е дел од разни правни акти кои не се доволно прецизни. Конечно, јавното објавување на резултатите на веб-страниците на државните институции е уредено со ЗЗФ, Кодексот и Законот за култура.

Поголемиот дел од државните институции кои доделуваат средства на ГО, не даваат јавно достапни информации за процедурите за финансирање и информации за финансирани проекти. Оние што обезбедуваат не се доволно детални, но опфаќаат основни детали (Одделение за соработка со невладини организации, Министерство за култура, Фонд за иновации, АМС и МТСП). Сите државни институции кои издвојуваат средства објавуваат отворени повици за предлози на Интернет[128].

[119] Закон за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 238/2018)
[120] Одлука за критериумите и процедурите за распределба на средства за програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.23/09)
[121] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2018) Стратегија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020 [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО. https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=node/250 [Пристапено на: 15/4/2019]
[122] Закон за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 238/2018)
[123] Закон за животна средина („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13; 187/13; 42/14; 44/15; 129/15; 192/15; 39/16 и 99/18).
[124] Закон за култура („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 187/13; 44/14; 61/15; 154/15; 39/16 и 11/18).
[125] Закон за спортови („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16).
[126] Закон за игри на среќа и за забавни игри („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16).
[127] Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 104/19, 146/19 и 275/19)
[128] Хафнер Адеми, Т., Митевски В., Стојкоски, В., Мојаноски, Г. (2019) Анализа на финансиската поддршка за здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија.

Во текот на 2019 година се случија низа настани, кои ја зголемија транспарентноста и отчетноста на процесот на распределба на јавните средства на ГО. Имено, за прв пат државните институции доставија податоци за распределба на средства на ГО на национално и локално ниво, кои подоцна беа објавени како материјал за седницата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (во натамошниот текст: Совет)[129]. Потоа, Министерството за финансии ги објавува имињата на примателите на средства на веб-страницата Отворено финансирање. Понатаму, на веб-страницата на Одделението беше објавена информација за процесот на оценување и селекција и резултатите за средствата од Генералниот секретаријат на Владата за граѓански организации за 2019 година.[130.]

Советот постави двајца претставници од граѓанските организации да вршат надзор и да подготват извештај за процесот. Врз основа на нивниот извештај, има конкретни заклучоци и препораки за потребата од понатамошно подобрување на процесот на оценување и дека овој надзор е добра практика[131]. Имено, тие известуваат дека процесот треба да биде подобро организиран со повеќе оценувачи, и покрај тоа што Одделението за соработка со невладини организации има капацитет да го води овој процес, сепак има потреба од подобри технички вештини и дигитални решенија. Тие, исто така, забележаа недоволно можности грантовите да се доделуваат на помали и понови организации и од различни региони (освен Скопје) да ги добијат средствата.

Дел од државните органи кои доделуваат средства на граѓански организации, не ја следат постапката и не ја применуваат на усогласен начин.

Графикон 9. Од искуството на Вашата организација, ве молиме изберете го степенот на согласување со следните изјави во однос на државното финансирање за граѓански организации:
(%)




Според истражувањето, 41,7% ГО се согласуваат дека државните институции ја следат законски пропишаната постапка за распределување на средства, додека 29,8% не се согласуваат.

Барањата за апликација, наметнати од државните органи, се тешки за нешто повеќе од половина од испитаниците на истражувањето, но сепак мнозинството ги смета за јасни критериумите за аплицирање

[129] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2019) Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства во 2019 година [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Informacija%20za%20finansiranje%20NVO%20usvoena%2016.4.2019.pdf [Посетена на 20.02.2020]

[130] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2019) Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2019) Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства во 2019 година [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/372 [Посетена на 20.02.2020]

[131] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2019) Извештај од учеството на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во работата на комисијата за распределба на средства наменети за финансирање на програмските активности на организации и фондации од буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година како набљудувачи [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/1.%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%88%20%D0%88%D0%B0%D0%BD%D0%B5%20%D0%A7%D0%B0%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8%20%D0%B8%20%D0%89%D1%83%D0%BF%D1%87%D0%BE%20%D0%9F%D0%B5%D1%82%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8%2010%2029%202019%20Finalen.pdf [Посетена на 20.02.2020]

Графикон 10. Од искуството на Вашата организација, ве молиме изберете го степенот на согласување со следните изјави во однос на државното финансирање за граѓански организации. (%)




Имено, 56% ГО сметаат дека барањата за апликација се оптоварувачки (на пр. високи трошоци, многу документи; тежок пристап до документи); додека 35,7% не се согласуваат. Исто така, 70,3% од ГО сметаат дека критериумите за аплицирање се јасни, 23,8 не се согласуваат. Поголемиот дел од ГО сметаат дека одлуките на тендерите не се правични. Според истражувањето, од 84 ГО (51,5%) кои сакале да дадат свое мислење (од 163 ГО), 20,2% се согласуваат дека одлуката за распределување на јавните средства е правична, додека 63,1% не се согласуваат дека одлуките се правични.

## 2.3. Отчетност, следење и оценување на јавното финансирање

Постојат правни акти, кои предвидуваат одредени мерки за отчетност, следење и оценување. Согласно Законот за буџет, секој трошок и трансфер од буџетот треба да се заснова на веродостојна сметководствена документација[132]. Основата за потребата од известување за граѓанските организации е дадена во ЗЗФ, според кој финансискиот извештај се доставува до соодветната државна институција при добивање средства од Буџетот[133]. Конечно, различни акти обезбедуваат обврска за известување во рок од еден месец по завршувањето на проектот: годишните одлуки на Генералниот секретаријат на Владата за распределба на буџетски средства[134], Законот за животна средина[135], Законот за култура[136], Законот за инвалидски организации[137], Законот за спорт[138], Кодексот[139] и во Правилникот на АМС[140]. Оценувањето на ефектите од активностите спроведени со средства доделени од Буџетот е пропишано во Кодексот[141], во кој е наведено дека секоја институција треба да го оцени користењето на средствата и на постигнатите резултати врз основа на поднесените извештаи и да даде препораки.

Законодавството не пропишува специфични и сразмерни санкции за ГО кои злоупотребуваат јавни средства. Кривичниот законик, смета дека правните претставници на ГО се јавни

[132] Закон за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2019 („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 238/2018)
[133] Закон за здруженија и фондации
[134] Влада на Република Северна Македонија (2019 Одлука за распределба на средства од буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации [Интернет] Скопје, Влада на РСМ. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/odluka%20za%20raspredelba%20207%202019_0.pdf ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 207/19) [Посетена на 20.02.2020]
[135] Закон за животна средина („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13; 187/13; 42/14; 44/15; 129/15; 192/15; 39/16 и 99/18).
[136] Закон за култура („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 187/13; 44/14; 61/15; 154/15; 39/16 и 11/18).
[137] Закон за инвалидски организации („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 150/2015, 27/2016, 59/2012, 23/2013 и 89/2008).
[138] Закон за спортови („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16).
[139] Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 130/07).
[140] Агенција за млади и спорт (2019) Правилник на Агенција за млади и спорт за определување постапка и утврдување критериуми за доделување средства за поддршка на проекти од областа на младите [Интернет] Скопје, АМС. Адреса: http://www.ams.gov.mk/images/%D0%9F%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D0%BA_%D0%B7%D0%B0_%D0%BE%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5_%D0%BD%D0%B0_%D0%BF%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF%D0%BA%D0%B0_%D0%B8_%D1%83%D1%82%D0%B2%D1%80%D0%B4%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5_%D0%BD%D0%B0_%D0%BA%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%B8%D1%83%D0%BC%D0%B8_%D0%B7%D0%B0_%D0%B4%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5_%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B0_%D0%B7%D0%B0_%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B4%D1%80%D1%88%D0%BA%D0%B0_%D0%BD%D0%B0_%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%B8_%D0%BE%D0%B4_%D0%BE%D0%B1%D0%BB%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B0_%D0%BD%D0%B0_%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D1%82%D0%B5_1.pdf [Посетена на 20.02.2020]
[141] Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 130/07).

службеници, така што важат истите санкции[142]. Кодексот не предвидува санкции, туку редовно следење на трошењето и во случај на неисполнување на договорните обврски, враќање на средствата до институцијата[143]. Следењето се спроведува ретко и заради обезбедување информации за Владата[144]. Теренските посети се ретки, а главно ги организираат МТСП и ФИТР.[145] Понатаму, Генералниот секретаријат се вклучува во следење, бидејќи е страна во договорот којшто го склучуваат кога ги доделуваат средствата и во согласност со Кодексот[146]. Според истражувањето, од 84 ГО кои добиле државна поддршка, проектите на 14% ГО не биле предмет на следење; 25,2% ГО биле предмет на следење. Потоа, за 33,7% ГО следењето беше извршено во согласност со претходно дефинирани критериуми, за 4,3% не. Конечно, за 23,3% ГО биле најавени посетите за следење, за 8,6% ГО не биле најавени.

### 2.2.4. Нефинансиска поддршка

Законодавството дава основа за доделување на нефинансиска поддршка на граѓанските организации. Клучен закон е Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост[147], којшто предвидува дека доделувањето на движен и недвижен имот на органите на владата се прави со одлука на Владата за користење или пренесување на правото на сопственост, со или без надомест на граѓанските организации. Граѓанските организации може да добијат и недвижен имот за привремено или трајно користење, со или без надомести да користат подвижни ствари во сопственост на Владата. Сепак, не постојат одредби со критериуми за транспарентно распределување на нефинансиската поддршка. Покрај тоа, Законот за локална самоуправа [148], предвидува сопственоста на општините да може да се пренесе на други субјекти преку јавно наддавање.

Постојат малку случаи на граѓански организации кои користат нефинансиска државна поддршка. Според истражувањето, на 16 ГО им била дадена нефинансиска поддршка од државата во 2019 година (канцеларија за настани, работа, обука и опрема). Покрај тоа, според податоците од седниците на владата, 18 ГО се идентификувани како приматели на подвижни предмети[149].

Од вкупниот број испитаници (163), 24 ГО не се согласуваат дека барањата за нефинансиска поддршка на државата се лесни за исполнување, се согласуваат 25 ГО, а 35 ГО не знаат. ГО не сметаат дека се третирани на еднаков начин во однос на другите актери кога станува збор за пристап до државните нефинансиски ресурси. Имено, 35 ГО не се согласуваат, додека шест ГО се согласуваат, а 43 ГО не знаат дали имаат поповолна позиција во споредба со другите актери. Што се однесува до праведноста на распределбата на нефинансиската поддршка, според истражувањето, седум ГО се согласуваат дека одлуките се фер, 32 ГО не се согласуваат, додека 45 ГО велат дека не знаат. Покрај тоа, во смисла на критичност кон Владата, 12 ГО се согласуваат дека критичките ГО можат да добијат пристап до нефинансиска поддршка; 25 ГО не се согласуваат, а 47 ГО не знаат.

.

[142] Кривичен законик (“Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/2013, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15 и 226/15, 97/17 and 248/18).
[143] Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации (“Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 130/07).
[144] Хафнер Адеми, Т., Митевски В., Стојкоски, В., Мојаноски, Г. (2019) Анализа на финансиската поддршка за здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија.
[145] Ibid.
[146] Одговор од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија на барањето за пристап до информации испратено од страна на МЦМС на 20.01.2020
[147] Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18, 101/19 и 275/19).
[148] Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 5/2002).
[149] Влада на Република Северна Македонија (2019) Владини седници [Интернет] Адреса: https://vlada.mk/vladini-sednici [Посетена на 20.02.2020]

**Рамка 4: Оценка на Насоките од ЕУ**
**Подобласт 2.2. Државна поддршка**

**Резултат 2.4.** Сеопфатната реформа на системот за државно финансирање на граѓанските организации напредуваше бавно. Во текот на годината, одредени државни институции кои издвојуваат средства презедоа чекори за подобрување на различните аспекти на постапката и зголемување на нивната транспарентност и отчетност (зголемен број на отворени повици, достапност на информации за доделени проекти на граѓанските организации). Покрај тоа, се зголеми државното финансирање за граѓанските организации на централно ниво. Поддршката на владата за граѓанските организации беше достапна, но сепак недоволна. Податоците за распределените суми на државни средства за ГО станаа детално достапни преку порталот Отворени финансии. Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за млади и спорт имаат најголеми буџети за распределба на ГО за социјална заштита, спорт и млади. Правната рамка за државно финансирање за ГО не обезбедува: институционална поддршка; авансни плаќања; повеќегодишни договори; и финансирање на ЕУ и други проекти. Покрај тоа, постои необврзувачки процедурален документ (Кодекс) со кој се уредува распределбата врз основа на најдобрите практики.

## Подобласт 2.3. Човечки ресурси

### 2.3.1. Вработување во граѓански организации

Законодавството им овозможува на граѓанските организации да вработуваат луѓе, а се случија одредени подобрувања за признавање на секторот како работодавач од страна на државата. Постојните закони и политики се применливи на граѓанските организации како работодавачи, но сепак тие не ја одразуваат специфичната природа на работењето на ГО (Закон за работни односи[150], Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност[151]) и постои нееднаков третман кога станува збор за придобивките кои се им се достапни на бизнисите (Закон за вработување на инвалидни лица[152])[153]. Покрај тоа граѓанскиот сектор не е претставен во организациите на работодавачи[154] и не е јасно со кој колективен договор е опфатен.

Владините политики за зголемување на вработувањето се фокусирани на бизнисот. Имено, во Националната стратегија за вработување 2016-2020, ГО се наведени само како спроведувачи на мерките, а не како корисници[155]. Сепак, преземени беа важни чекори кон градењето на поддржувачки мерки и имаше одредени програми и мерки кои им беа на располагање и на ГО во 2019: субвенционирање на плати (од 2017 Го се посебен вид на правен субјект кој може да се пријави за користење на оваа мерка) и вработување и раст на правните субјекти (поддршка за ново вработување)[156].

ЦРСМ ги собира и објавува податоците за вработување во граѓанскиот сектор. Податоците се извлечени од финансиските извештаи на ГО кои се доставуваат годишно (број на вработени со полно работно време, расходи за плати, итн.). Сè уште нема достапни податоци за вработените со скратено работно време, лица со договор на определено време и волонтери. Вкупниот број на вработени во здруженијата и фондациите според ЦРСМ е 1,645 (0.21% од

[150] Закон за работни односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и бр. 110/2019)
[151] Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/2010, 88/2010, 51/2011, 11/2012, 80/2012, 114/2012, 39/2014, 44/2014, 113/2014, 56/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 27/2016, 119/2016, 21/2018 и 113/2018 и 124/2019).
[152] Закон за вработување на инвалидни лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/2015, 147/2015, 27/2016 и 99/2018)
[153] Атанасова, М. (2019) Анализа на перцепцијата и вклученоста на граѓанските организации како работодавач во законодавството и активните мерки за вработување во Република Северна Македонија [Интернет] Скопје, Конект. Адреса: http://konekt.org.mk/wp-content/uploads/2019/08/konekt-analiza_01.pdf [Посетена на 20.02.2020]
[154] Ibid.
[155] Министерство за труд и социјална политика (2015) Национална стратегија за вработување на Република Северна Македонија 2016-2020 [Интернет] Скопје, МТСП. Адреса: http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Nacionalna%20Strategija%20za%20Vrabotuvane%20na%20Republika%20Makedonija%20za%20Vlada%2016102015.pdf [Посетена на 20.02.2020]
[156] Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Оперативен план [Интернет] Скопје, АВРМ. Адреса: https://av.gov.mk/operativen-plan.nspx [Посетена на 20.02.2020]

сите вработени во земјата во 2018)[157].

Постојат неколку случаи на граѓански организации кои користат различни стимулативни програми за вработување, како и ГО кои се соочуваат со помали тешкотии во добивањето поддршка од државата во однос на вработувањето.

Според анкетата, осум граѓански организации користеле владина поддршка преку програми за поттикнување на вработувањето. Понатаму, според Агенцијата за вработување[158], од над 2.500 корисници на активни програми и мерки за вработување од Оперативниот план за 2019, само 3.28% (82) од нив се ГО.

Студијата на Конект дава дополнителен увид и заклучува дека ГО не се доволно информирани за можностите и времетраењето на повикот за поддршка, бидејќи секоја од мерките е достапна во определен дел од годината[159]. Понатаму, многу малку ГО беа во можност да ја искористат мерката за поддршка на отворање нови работни места, бидејќи заради немањето долгорочно финансирање можеби нема да можат да продолжат да исплаќаат плата откако ќе заврши поддршката од државата.

### 2.3.2. Волонтирање во граѓанските организации

Законодавството предвидува заштита на волонтерите и нивните организации и овозможува спонтано волонтирање, со одредени недоследности. Клучен закон е Законот за волонтерство[160] со кој се уредуваат правата и обврските на волонтерите и организаторите на волонтирање, со јасно дефинирани договорни односи и заштита. Други релевантни закони се Законот за работни односи[161], Законот за трансформација во редовен работен однос [162,], Законот за странци[163] и Законот за вработување и работа на странци[164]. Понатаму, во 2019 година беше донесен Законот за практикантство[165] којшто прави разлика помеѓу концептот на практикантство и волонтирање. Законот предвидува неколку услови кои треба да ги исполни практикантот, како што се, да биде невработен и помлад од 34 години, со завршено најмалку основно образование. Законот ги уредува постапката и условите за практикантство, правата и обврските на практикантот и на работодавачот.

Постојат одредени стимулации и за волонтери и за организации и за државни програми за развој и унапредување на волонтерството. Според Законот за волонтерство, волонтерите имаат право на надоместок кој е ослободен од данок, за трошоците поврзани со волонтирање (храна, превоз и обука), што е минимум 15% од просечната бруто плата во земјата[166]. Исто така, граѓанските организации може да добијат стимулации ако ангажираат практиканти преку програмите за вработување кои го субвенционираат вклучувањето на практиканти[167].

Неколку граѓански организации користеа поддршка од владата за волонтерство. Според истражувањето, единаесет ГО користеле поддршка од владата преку програми што го стимулираат волонтирањето во ГО. Исто така, три граѓански организации го пофалија овој процес во рамките на Агенцијата.

Како што претходно беше споменато, и покрај тоа што земјата нема национална стратегија, ниту функционален совет за волонтерство, во текот на годината, на настан организиран од ГО заедно со институциите се разговараше за прашањето за унапредување и развој на волонтерството во однос на тоа кои се потребните промена на законодавството и новата Национална стратегија за унапредување и развој на волонтерството 2020-2025[168]. Не постојат прецизни податоци за бројот на волонтери во ГО, ниту пак за бројот на волонтерски часови кои

[157] Вкупната работна сила според последните официјални статистички податоци е 799.546. http://www.stat.gov.mk/
[158] Одговор даден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија на барањето за пристап до информации испратено од страна на МЦМС на 04.02.2020
[159] Атанасова, М. (2019) Анализа на перцепцијата и вклученоста на граѓанските организации како работодавач во законодавството и активните мерки за вработување во Република Северна Македонија [Интернет] Скопје, Конект. Адреса: http://konekt.org.mk/wp-content/uploads/2019/08/konekt-analiza_01.pdf [Посетена на 20.02.2020]

[160] Закон за волонтерство („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 85/07, 161/08, 147/15)
[161] Закон за работни односи („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и бр. 110/2019)
Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Северна Македонија", бр 37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/2010, 88/2010, 51/2011, 11/2012, 80/2012, 114/2012, 39/2014, 44/2014, 113/2014, 56/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 27/2016, 119/2016, 21/2018 и 113/2018 и 124/2019).
[162] Закон за трансформација во редовен работен однос
[163] Закон за странци
[164] Закон за вработување и работа на странци
[165] Правдико (2019) Закон за практикантство. [Интернет] Скопје, Правдико. Адреса: (https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2019/05/Zakon-za-praktikanstvo-21-05-2019.pdf [Посетена на 25/11/2019]
[166] Закон за волонтерство („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 85/07, 161/08, 147/15)
[167] Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Оперативен план [Интернет] Скопје, АВРМ. Адреса: https://av.gov.mk/operativen-plan.nspx [Посетена на 20.02.2020]
[168] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2019) Одржан Национален форум за волонтерство [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/400 [Посетена на 20.02.2020]

се спроведени во ГО.

Волонтерството сè уште не е многу високо на политичката агенда, на што укажуваат различни студии. Мнозинството (76,1%) од младите луѓе на возраст од 15-29 никогаш не волонтирале, а само 26,5% волонтирале[169]. Друга студија за млади, открива дека 90% од испитаниците никогаш не биле дел од граѓанска или невладина организација[170]. Според Светскиот индекс за донации, само 8% од граѓаните волонтирале во некоја организација (во изминатите 10 години)[171].

Многу малку граѓански организации сметаат дека административната постапка за вклучување волонтери е многу сложена и со високи трошоци. Така, процесот за привлекување волонтери или станувањето волонтер се мал предизвик во работата на ГО. Според истражувањето, 81% граѓански организации ангажирале волонтери во 2019 година. [172]

### 2.3.3. Неформално образование

Законодавството дозволува неформално образование и граѓанските организации да учествуваат во неформалниот систем на образование, сепак со одредени потешкотии. Постојат ограничени примери на теми поврзани со ГО кои се интегрирани во неформалното образование. Правната основа за регулирање на неформалното образование од страна на ГО е дадена во бројни закони, како што се Законот за образование на возрасни[173], Законот за Бирото за развој на образованието[174], Законот за јавни набавки, итн.[175]. До крајот на 2019 година, Министерството за образование и наука го објави за електронски консултации новиот Предлог-закон за образование на возрасни[176] кој треба да опфати: потврда на неформалното образование, подобрен процес на верификација на посебни програми за образование на возрасни, итн. Во текот на годината, Стопанската комора на Македонија, изрази загриженост дека процедурите во постојниот Закон за образование на возрасни се тешки и крути[177]. Понатаму, неформалното образование и образованието на возрасни како клучни стратешки области се дел од Сеопфатната стратегија за образование (2018-2025) и акцискиот план[178]. Покрај тоа, Стратешкиот план на Бирото за развој на образованието 2020-2022 во еден од клучните резултати предвидува развиен нов концепт за граѓанско образование, со конкретни активности кои треба да се преземат[179].

Предметите поврзани со граѓанското општество се вклучени во официјалниот наставен план и во основно и во средно ниво на образование. На универзитет, студентите се обврзани да извршуваат практична работа, и тоа е различно регулирано во секоја институција, а вклучува можност за студентите практиката да ја поминат во граѓанска организација. Покрај тоа, кога станува збор за граѓанско образование, во наставниот план е откриена дискриминаторска содржина во разни учебници, подготвени пред една деценија. Владата по реакциите на граѓанските организации и граѓаните ги стави материјалите на списоците за потребна ревизија објавена на веб-страницата на Министерството за образование и наука[180][181].

Постојат неколку случаи на граѓански организации кои се сертифицирани од страна на државата како даватели на обука и неформално образование. Според податоците обезбедени од Министерството за образование и наука, за 2019 година, вкупно 266 институции спроведуваат посебни програми за образование на возрасни, девет (9) од нив се здруженија

[169] Радио МоФ (2019) Истражување: 76% од младите никогаш не волонтирале. [Интернет] Скопје, Радио МоФ. Адреса: https://www.radiomof.mk/istrazhuvanje-76-od-mladite-nikogash-ne-volontirale/ [Пристапено на: 25/11/2019]

[170] Радио МоФ (2019) Само 3% од младите се задоволни од нивното место во општеството, најмладите најголеми оптимисти [Интернет] Скопје, Радио МоФ. Адреса: https://www.radiomof.mk/samo-3-otsto-od-mladite-se-zadovolni-od-nivnoto-mesto-vo-opshtestvoto-najmladite-najgolemi-optimisti/ [Посетена на20.02.2020]

[171] ЦАФ. Светски индекс за донации (2019). [Интернет] Светски индекс за донации. Адреса: https://www.cafonline.org/about-us/publications/2019-publications/caf-world-giving-index-10th-edition [Посетена на 15/11/2019]

[172] Three responses were provided to further explain that the easiness of their work in engaging volunteers was related to the easy procedure in AVRM, however this probably refers to the access the state benefits related to interns, so there is a misunderstanding of the concept in those cases).

[173] Закон за образование на возрасни („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 7/2008, 17/2011, 51/2011, 74/2012, 41/2014, 144/2014, 146/2015, 30/2016 и 64/2018).

[174] Закон за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 37/2006, 142/2008, 148/2009, 69/2013, 120/2013, 148/2013, 41/2014, 30/2016 и 64/2018)

[175] Закон за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 24/2019)

[176] ЕНЕР (2019) Предлог на закон за образование на возрасни [Интернет] Скопје, ЕНЕР. Адреса: https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=55701 [Посетена на 20.02.2020]

[177] Фактор (2019) Неформално образование – потреба за реалниот сектор за обезбедување кадар за своите потреби [Интернет] Скопје, Фактор. Адреса: https://faktor.mk/neformalno-obrazovanie---potreba-za-realniot-sektor-za-obezbeduvanje-kadar-za-svoite-potrebi [Посетена на 20.02.2020]

[178] Министерство за образование и наука (2019) Стратегија за образование 2018-2025. Скопје, МОН. Адреса: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2018/10/Strategija-za-obrazovanie-ENG-WEB-1.pdf [Посетена на 20.02.2020]

[179] Биро за развој на образованието (2019) Стратешки план [Интернет] Скопје, БРО. Адреса: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/01/STRATESHKI_PLAN_2020-2022.pdf [Посетена на 20.02.2020]

[180] МЗМП (2019) Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија 2019 [Интернет] МЗМП. Адреса: https://myla.org.mk/publications/%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%88%d0%b5%d0%bd-%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d1%98-%d0%b7%d0%b0-%d0%b5%d1%84%d0%b8%d0%ba%d0%b0%d1%81%d0%bd%d0%be%d1%81%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d1%80-4/ [Посетена на20.02.2020]

[181] Окно (2019) Дискриминаторски содржини во учебниците за средно образование [Интернет] Скопје, Окно. Адреса: https://okno.mk/node/81520 [Посетена на 20.02.2020]

кои работат и спроведуваат вкупно 16 програми за возрасни образование, во три различни града (две граѓански организации се од Велес и Струмица, а останатите се од Скопје ).[182] Пример за важната улога на неформалното образование е во областа на новинарството[183]. Студентите кои се заинтересирани за новинарство се поддржани со работата на Високата школата за новинарство и односи со јавноста, потоа Демократска лабораторија - Школа за млади новинари и многу други граѓански организации кои обезбедуваат кратки курсеви за зголемување на вештини за истражувачко новинарство и ги пополнуваат празнините во формалното образование на кое му е потребна реформа.

**Рамка 5: Оценка на Насоките од ЕУ**
**Подобласт 2.3. Човечки ресурси**

**Резултат 1.2.** Политиките и законското опкружување го олеснуваат и со само неколку одредби во документите, до одреден степен го стимулираат волонтирањето и вработувањето во граѓанските организации. ЦРСМ ги собира и објавува податоците за вработувањето во граѓанските организации. Податоците се извлечени од финансиските извештаи на ГО кои се поднесуваат годишно (број на вработени со полно работно време, расходи за плати, итн.). Сè уште нема достапни податоци за вработените со скратено работно време, лица со договори на определено време и волонтери. Вкупниот број на вработени во здруженија и фондации според ЦРСМ е 1.645 (0,21% од сите вработени во земјата во 2018 година). И покрај тоа што не е достапен бројот на волонтери, одредени извештаи укажуваат на многу низок ангажман во волонтирањето.

[182] Одговор подготвен Министерството за образование и наука на барањето за пристап до информации испратено од страна на МЦМС на 31.01.2020
[183] Радио МоФ (2019) Младите новинари повеќе учат преку неформално образование отколку на факултет [Интернет] Скопје, Радио МоФ. Адреса: https://www.radiomof.mk/mladite-novinari-povekje-uchat-preku-neformalno-obrazovanie-otkolku-na-fakultet/ [Посетена на 20.02.2020]

# Област 3: Односот помеѓу Владата и граѓанските организации

## Подобласт 3.1. Рамка и практика за соработка

### 3.1.1. Државни политики и стратегии за развој на и соработка со граѓанското општество

Спроведувањето на Стратегијата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и Акцискиот план за периодот 2018-2020 забележа напредок. Информациите кои се однесуваат на спроведувањето на мерките и активностите редовно се собираат и објавуваат од страна на Одделението за соработка со НВО, а Советот  се занимава со квартален надзор[184]. Напредокот во главните мерки за развој на граѓанското општество е сè уште бавен (реформа на јавното финансирање, индивидуални и корпоративни донации, социјални услуги и волонтерство) бидејќи дел од нив се предвидени за 2020 година.

Граѓанските организации презедоа различни активности што придонесоа за реализација на Акцискиот план. И покрај тоа што ГО не се наведени како спроведувачи, бидејќи ова треба да се сфати како обврска на релевантните институции, нивниот придонес се споменува во извештајот за спроведување[185].

Граѓанските организации се вклучени во следењето на спроведувањето на Стратегијата, преку Советот кој има мандат за таа цел. Имено, на седниците на Советот се одржуваа редовни дискусии за спроведување на Стратегијата и преглед на извештаите подготвени од страна на Одделението одговорно за нејзино спроведување. Реализацијата на Стратегијата за 2018 година беше разгледана на 10-тата седница на Советот, со заклучок дека извештајот ја отсликува состојбата и препорака[186] за квартално известување за спроведувањето на Стратегијата. Потоа, Советот го разгледа кварталниот извештај (јули – септември 2019) за спроведувањето на Стратегијата, на 16-тата седница (октомври 2019), но содржината на дискусијата и повратните информации од страна на учесниците во однос на овој извештај не се одразени во записникот[187].

### 3.1.2. Институции и механизми за развој на и соработка со граѓанското општество

Постојат три главни институции и механизми кои се одговорни за овозможување на соработка со граѓанските организации: Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Одделението за соработка со НВО и мрежата на јавни службеници за следење на спроведувањето на Стратегијата[188], која се состои од 18 државни институции. Главниот механизам, Советот како меѓусекторско советодавно тело остана функционален.

Во текот на година, Деловникот за работа на Советот беше двапати изменет. Првите дополнувања, вклучуваат две важни измени. Првата се однесуваше на заложбите на Советот да се реши проблемот со отсуството на седниците, а втората беше додавање на ново поглавје за регулирање на постапката за номинирање претставници од граѓанскиот сектор во консултативни тела и работни групи. Вториот чекор е загрижувачки, бидејќи Одлуката не обезбедува правна основа Советот да ја воведе оваа задача како дел од мандатот во рамките на Деловникот за работа и да се вклучи во извршување на барања добиени од владини тела (како што е барање за номинација), наместо да дава совет. Постапката предвидува одредени рокови и објавување на повик за предлози преку Интернет, но на крајот Советот гласа и ја донесува одлуката за претставникот што треба да земе учество во овие групи/тела. Ова допрва треба да се анализира како влијае на работата на Советот, бидејќи посветувањето време за дискутирање на номинациите, значи помалку време за справување со клучните мерки на Стратегијата[189] и тоа треба да се препушти на граѓанските организации, а не на Советот.

[184] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Приоритетни области [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=node/250 [Посетена на 20.02.2020]
[185] Ibid.
[186] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2019) Записник од десеттата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/_Zapisnik_10_sednica_na_Sovetot.pdf [Посетена на 20.02.2020]
[187] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2019) Записник од шеснаесеттата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Zapisnik_16_sednica_na_Sovetot.pdf [Посетена на 20.02.2020]
[188] Влада на Република Северна Македонија (2018) Стратегија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020
[189] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2018) Стратегија за соработка со и развој на граѓанскиот

Второто дополнување на Деловникот за работа, беше воведување на дописни седници, како начин на електронско гласање за одредени теми кога нема потреба од физичко присуство, со цел меѓудруго да се обезбеди соодветно учество на седниците. Сепак, од записниците не е јасно дали претставниците на Советот разговарале за причините за незадоволителното учество, пред определување на ова решение[190.]

Советот активно функционира од април 2018 година и одржа вкупно 18 седници до крајот на 2019 година, надминувајќи го минималниот законски услов за одржување најмалку четири седници годишно. Во текот на 2019 година се одржаа вкупно 10 седници[191]. Од расположливите записници од седниците, повеќето точки на дневниот ред на Советот, 16 од вкупно 56 точки во текот на 2019 година, имаа за цел подобрување на соработката и дијалогот меѓу владата и граѓанското општество, со номинирање на претставници на граѓанските организации кои учествуваа во различни владини тела и за (2 од тие 16) учество на настани. Потоа, 16 точки за дискусија од дневниот ред беа посветени на подобрување на внатрешното функционирање на Советот, а трето се дискусиите и споделувањето информации околу различни аспекти на државното финансирање (6) заедно со вкупно четири точки на дневниот ред, претставувајќи анализа на државното финансирање за ГО.

Речиси на секоја седница Советот поставува одредени препораки и/или барања за различни институции. Сите барањата на Советот кои беа испратени до Одделението за соработка со НВО беа прифатени и навремено спроведени. Советот поднесе и други барања до повеќе институции, како што се: МФ (организирани консултации за даноците), СЕП (за споделување на предлог упатство за регистрација на проект и за пократко време, рок од 10 дена за спроведување на постапката), МП (временска рамка за можни измени на ЗЗФ) и сите тие барања беа прифатени и спроведени. Сепак, важна препорака којашто не беше разгледана е дека Владата го зголемува финансирањето од Секретаријатот од 12 милиони денари(приближно 194.000 евра) на 60 милиони денари (приближно 971.700 евра) за граѓанските организации. Сепак, беа направени други прилагодувања на областите од програмата за финансирање.

Редовното присуство на седниците беше предизвик и за членовите на ГО и за државните институции. Што се однесува на учеството на други граѓански организации, практиката покажува дека ова не беше искористено како можност. Имено, надвор од Советот, учествуваа само двајца претставници на ГО (еден од организациите членки на Советот), и еден независен експерт. Кога станува збор за редовно учество на седниците на членовите на Советот, од страната на ГО, на секоја седница имаше претставници кои отсуствуваа. Имено, од 10 седници, имаше повеќе евидентирани отсуства од страна на државни службеници (шест члена во просек), отколку од страната на членовите кои доаѓаат од ГО (четири члена во просек). На две седници, отсутни биле седум претставници од ГО, а на две седници отсутни биле шест претставници од ГО. Најголем број на отсутни членови е евидентиран на 15-тата седница, со отсутни девет државни службеници и седум ГО.

Во однос на протокот на информации од Советот до ГО, според анкетата, 61,3 % од ГО се информирани за работата на Советот, додека 38,7% не се.

сектор, со Акциски план 2018-2020

[190] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2019) Дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Dopolnuvanje%20na%20Delovnikot%20na%20Sovetot%2028%2010%202019_0.pdf [Посетена на 20.02.2020]

[191] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=node/99 [Посетена на 20.02.2020]

Графикон 11. Дали сте информирани за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор? (%)




Графикон 12. Дали претставниците на граѓанските организации во Советот за соработка се консултираат со вас за одредени прашања на кои делувате ? (%)




Меѓутоа, кога понатаму беа прашани, како Советот може да го подобри протокот на информации, дадени беа бројни предлози. Кога станува збор за консултации на Советот со други ГО, според анкетата, од оние ГО кои се информирани за постоењето на Советот (61,3%), 43% од ГО одговориле дека претставниците од ГО во Советот се консултираат со нив за одредени прашања на кои тие работат, додека 44% не се консултирани, а 13% не знаат.

**Box 6: Оценка на Насоките од ЕУ**
**Подобласт 3.1. Рамка и практики за соработка**

**Резултат 3.1.** Три главни институции и механизми беа одговорни за олеснување на соработката со ГО: Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Одделението за соработка со невладини организации и мрежата на јавни службеници за следење на спроведувањето на Стратегијата, составена од 18 државни институции. Главниот механизам, Советот како меѓусекторско советодавно тело остана функционален. Деловникот за работа на Советот беше изменет двапати, вклучително и загрижувачката одлука Советот без правна основа да додаде во својот список на задачи во рамките на Деловникот, мандат за извршување на барањата од владините тела (како што е барање за номинација на претставници на ГО во тела и настани). Што се однесува до протокот на информации од Советот кон ГО, според истражувањето, 61,3% ГО се информирани за работата на Советот. Кога станува збор за консултациите на Советот со други ГО, според истражувањето, 26,4% од ГО одговориле дека претставниците на страната на ГО во Советот се консултираат со нив за одредени прашања на кои работат. Скоро на секоја седница, Советот поставуваше одредени препораки и/или барања до различни институции. Сите барања на Советот кои беа доставени до Одделението за соработка со невладини организации беа прифатени, заедно со други, доставени до повеќе други институции и истите се навремено имплементирани. Сепак, една од најважните препораки за реформа на државното финансирање на граѓанските организации за зголемување на износот кој се распределува од Секретаријатот на Владата од 194.000 на 971.700 евра не беше земена предвид.

## Подобласт 3.2. Вклученост во процесите на креирање политики и донесување одлуки

### 3.2.1. Стандарди за вклучување на граѓанските организации

Законската рамка јасно ги дефинира стандардите за вклучување на граѓанските организации во сите процеси на креирање политики. Разни документи обезбедуваат основа за вклучување на ГО во креирањето политики и донесување закони, на ниво на Влада и на ниво на Собрание (Устав[192], Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните[193], Закон за Влада[194], Закон за организација и работење на органите на државната управа[195], Деловник за работа на Владата[196], Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор[197], Кодекс на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики[198], Методологија за проценка на влијанието на регулативата[199], и Насоки за министерствата за начинот на постапување во процесот на проценка на влијанието на регулативата[200]).

Правилникот на Владата предвидува предлог-законите да бидат објавени на веб-страницата на надлежното министерство и на ЕНЕР[201]. Понатаму, Правилникот, за ГО и јавноста, предвидува минимален рок од 20 дена за консултации за предлог-актите[202].

Дел од државните институции продолжија да ги канат и вклучуваат јавноста / ГО да коментираат за законите и иницијативите за политики во рана фаза и со доволно време за формулирање и давање мислење. Се забележува значително зголемување на почитувањето на роковите за електронски консултации и воопшто, континуирано вклучување во сите клучни закони со употреба на различни начини на консултации (работни групи, е-консултации, пошироки консултации, Совет и сл.).

Имено, според податоците собрано од следењето на ЕНЕР за 2019 година, вкупно 228 од предлог-законите утврдени на седниците на Владата, се најдоа на разгледување во Собрание. Од нив 49,6% беа објавени на ЕНЕР за јавни консултации[203], и од сите нив, само за четири (4) предлог-закони утврдено е отстапување од минималниот рок од 20 дена за консултации.

Сепак, резултатите од истражувањето покажуваат помалку ентузијастична слика, имајќи предвид дека скоро третина од ГО (26,38%) се согласуваат дека ГО се вклучени во рана фаза во подготовката на законите и креирањето на политиките, потоа 38,65% ГО не се согласуваат и 34,97% не знаат.

[192] Устав на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 52/91)
[193] Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 81/05).
[194] Закон за Влада на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14 и 196/15, 142/16 и 140/18).
[195] Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11)
[196] Деловник за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 36/08).
[197] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО
[198] Кодекс на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 99/11).
[199] Методологија за проценка на влијанието на регулативата („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 107/13).
[200] Упатства за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 106/13).
[201] Член 71, Деловник за работа на Владата на Република Северна Македонија
[202] Деловник за работа на Владата на Република Северна Македонија
[203] Граѓански ресурсен центар (2020) Следење на ЕНЕР [Интернет] Скопје, МЦМС. Адреса: https://ogledalonavladata.mk/ [Посетена на 20.02.2020]




Слично, во врска со пристапот до релевантни информации, нешто над една третина (32,52%) од ГО се согласуваат дека имаат пристап до релевантни информации пред консултациите, 30,67% ГО не се согласуваат и 36,81% не знаат. Во однос на суштинските консултации, беа разгледани 36,8% предлози на граѓански организации (25,2% од нив беа разгледани, 8,6%  беа разгледани мал дел и 3,1% рекле дека сите нивни предлози биле разгледани). Потоа, 3,1% ГО велат дека нивните предлози не биле прифатени.

Генерално се подобрува соработката меѓу Владата и граѓанското општество. Според анкетата, 61,3% ГО соработувале со државна институција во мината година (на пр. учество во креирање политики, спроведување активности, итн.). Потоа, 22,1% ГО соработувале над пет пати, 28,8% ГО соработувале околу пет пати и 10,4% ГО соработувале само еднаш. Потоа, 28,2% ГО немале потреба да соработуваат со државни институции, 10,4% (17) се обиделе, но не успеале.

Во текот на годината ГО беа вклучени во подготовка на одредени закони кои се важни за работењето на ГО, како што се: Законот за борба против корупцијата[204], Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[205], Законот за млади[206], Законот за бесплатна правна помош[207], Законот за јавни набавки[208]. Граѓанското општество беше успешно во своите напори да се уредат Законот за недискриминација[209] и Законот за прекин на бременоста[210], после неколку години застапување.

Покрај овие законски акти, кои се исто така споменати во анкетата, според одговорите, 48,5% од ГО биле вклучени во процесите на креирање политики и подготовка на закони (на пр. закони, подзаконски акти, национални и локални стратегии, акциски планови, и др.). Попрецизно, ГО учествувале (давање мислење онлајн, дел од работна група, консултативни состаноци, експертска поддршка, итн.) во подготовката на околу 38 закони[211]. Исто така, ГО беа вклучени и консултирани во подготовката на околу 22 други политики и стратешки документи[212].

[204] Закон за спречување на корупција и конфликт на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 12/2019).
[205] Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101/2019).
[206] Закон за млади („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 10/2020).
[207] Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101/2019).
[208] Закон за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 24/2019)
[209] Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101/2019).
[210] Нова Македонија (2019) ГО бараат итно усвојување на законот за недискриминација [Интернет] Скопје, Нова Македонија. Адреса: https://www.novamakedonija.com.mk/makedonija/%d0%b3%d1%80%d0%b0%d1%93%d0%b0%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%be%d1%80%d0%b3%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d0%b7%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%b8-%d0%b1%d0%b0%d1%80%d0%b0%d0%b0%d1%82-%d0%b8%d1%82%d0%bd%d0%be/ [Посетена на 25/11/2019]
[211] ГО наведоа: Закон за спречување и заштита од насилство врз жени, Закон за регистар за законско признавање на родот, Закон за младински политики и младинско учество, Закон за младински стандарди, Закон за младинска работа, Закон за социјална превенција, Закон за данок на додадена вредност, Закон за данок на личен доход, Закон за здравствено осигурување /превенција, Закон за правда за деца, Закон за граѓанска постапка, Закон за служба за високи раководни места, Закон за донирање на вишок храна, Закон за енергетика, Закон за извршување, Закон за нотаријат , Закон за јавен интерес во културата, Закон за јавна внатрешна финансиска контрола, Закон за минерални суровини, Закон за основно образование, Закон за средно образование, Закон за платен промет, Закон за социјално претприемништво, Закон за работни односи, Закон за семејство, Закон за социјално домување , Закон за шуми, Закон за празници, Закон за образование, Закон за локална самоуправа, Закон за амнестија, Закон за Академија за судии и јавни обвинители, Закон за практикантство, Закон за волонтерство, Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Закон за социјално осигурување на стари лица, Закон за отпад, Закон за нерегистрирани лица.
[212] ГО наведоа: Национален акциски план за лекови, Акциски план за минимален пакет услуги за сексуално и репродуктивно здравје во услови на криза и вонредни состојби за 2019 - 2022 година, План за обезбедување на здравствени услуги на трансродовите лица, Програма за лекување, рехабилитација и ресоцијализација на малолетни лица кои користат психоактивни супстанции, Стратегија за судска реформа, Акциски план за стратегијата за млади, Ромски акциски планови, Акциски план за компјутерска безбедност, Стратегија за заштита на деца од насилство, програма за превенција од ХИВ / СИДА, Стратегија за развој на информатичко-комуникациски технологии, Национална стратегија за социјални претпријатија, Национална стратегија за развој на културата 2017-2022, Стратегија едно општество, Стратегија за транспарентност, Стратегија за отворени податоци, програма за ваучери, програма за самовработување, Национален акциски план за жени, Резолуција за мир и безбедност 1325, Програма за рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на странски терористички борци, Национален акциски план за еднакви можности за мажите и жените и Национална стратегија за еднаквост и недискриминација.

Сепак, во 2019 година граѓанските организации не беа консултирани за одредени политички чувствителни прашања, како што се: Предлогот на закон за јавно обвинителство[213] и Предлогот на закон за јавни собири[214], Законот за употреба на јазиците[215].

Зајакнувањето на капацитетите на јавните службеници за вклучување на ГО, има законска основа  (Закон за административни службеници[216], Закон за вработените во јавниот сектор[217]) со која се дефинираат надлежностите на МИОА при подготовката и усвојувањето на годишната Програма за генерички обуки за административните службеници[218]. Според Стратегијата, се предвидува да се развие посебна програма за обука за јавните службеници за ефикасно организирање на јавни консултации [219].

Според анкетата, во однос на перцепцијата на ГО за капацитетите на јавните службеници да ги вклучат ГО во процесите на консултација, 15,95% ГО се согласуваат, додека 41,10% ГО не се согласуваат дека назначените државни службеници го олесниле ефективното ангажирање на ГО во процесите на консултација, а 42,94% не знаат. Понатаму, 17,18% се согласуваат, додека 39,88% не се согласуваат дека мнозинството од државните службеници кои се одговорни за подготовка на документи ги имаат неопходните капацитети за да ги вклучат ГО, а 42,94% рекле дека не знаат. Целокупниот мандат за следење на вклученоста на ГО во процесите на креирање политики е даден на МИОА, да изготвува годишен извештај за спроведените консултации врз основа на инпутите дадени од различни институции со мандат да предлагаат закони[220].

### 3.2.2. Слободен пристап до информации од јавен карактер

Слободниот пристап до информации, слободата да се примаат и пренесуваат информации е основна слобода и право  кое е предвидено во Уставот и операционализирано со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[221]. Подготвен беше нов Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер на партиципативен начин, заедно со граѓанските организации и усвоен во мај 2019[222]. Систематските промени опфаќаат формирање на нова Агенција за да се овозможи побрз и поквалитетен пристап до информации и зголемена транспарентност и отчетност на давателите на информации, но сепак таа не е функционална[223]. Политичките партии се додадени како иматели на информации од јавен карактер. Новиот закон дополнително предвидува јасна постапка за пристап до информации од јавен карактер, со дефинирани ограничувања и скратен рок (од 30 дена на 20 дена)[224]. Покрај тоа, предвидени се санкции за државните службеници/одделенија за кршење на законските услови за пристап до информации од јавен карактер. Ваквите санкции се применуваат доколку функционер или раководител на одделение во установата не назначи јавни службеници за занимаваат со слободен пристап до информации од јавен карактер и/или не ја информира јавноста за нивното право на слободен пристап. Покрај тоа, уште неколку причини наведени во законот, може да бидат причина за казна од 250 евра[225].

Повеќето институции објавуваат некои од предлог и/или усвоените документи на нивните веб-страници и/или на централизирана онлајн платформа. Постои централизиран унифициран портал ЕНЕР каде се објавуваат сите предлог закони кои се предмет на консултација и на сите им е овозможено да објавуваат коментари и мислења. На министерствата им недостасува активно објавување на информации [226]

[213] Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата (2019) Реакција на Платформата по повод усвојување на новиот Предлог-закон за јавното обвинителство од страна на Владата. Скопје, ИДСЦС. [Интернет] Адреса: https://idscs.org.mk/mk/2019/03/20/%D1%80%D0%B5%D0%B0%D0%BA%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D0%B4-%D1%83%D1%81%D0%B2%D0%BE%D1%98%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%BE/ [Посетена на 20.02.2020]
[214] ЕНЕР (2019) Предлог на закон за јавни собири. Скопје, ЕНЕР. Адреса: https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=54779 [Посетена на 20.02.2020]
[215] Закон за употреба на јазиците („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 7/2019)
[216] Закон за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 27/2014, 199/2014, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 14/2020, 48/2015 и 275/2019)
[217] Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 27/2014, 35/2018, 199/2014, 27/2016, 198/2018, 143/2019)
[218] МИОА (2019) Годишна програма за генерички обуки за административни службеници за 2020 година [Интернет] Скопје, МИОА. Адреса: http://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/training/gpgo2020.pdf [Посетена на 25/11/2019]
[219] МИОА (2020) Стратешки план на Министерството за информатичко општество и администрација [Интернет] Скопје, МИОА. Адреса: http://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/strategies/strateshki_plan_2020-2022.pdf [Посетена на 25/11/2019]
[220] МИОА (2019) Годишен извештај за спроведени консултации во процесот на подготовка на предлог закони од страна на министерствата за 2018 година [Интернет] Скопје, МИОА. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/5.Informacija%20za%20ocenka%20na%20konsultaciite%20_MIOA_GS_0.pdf [Посетена на 25/11/2019]
[221] Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101/2019).
[222] Ibid.
[223] МЗМП (2019) Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија 2019 [Интернет] МЗМП. Адреса: https://myla.org.mk/publications/%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%88%d0%b5%d0%bd-%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d1%98-%d0%b7%d0%b0-%d0%b5%d1%84%d0%b8%d0%ba%d0%b0%d1%81%d0%bd%d0%be%d1%81%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d1%80-4/ [Посетена на 20.02.2020]
[224] Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101/2019).
[225] Ibid.
[226] Фондација Метаморфозис (2019) Сеопфатен план за добро управување за државните институции во Република Северна Македонија [Интернет] Метаморфозис. Адреса:

Во практика има примери на ГО кои ја користат можноста за пристап до информации, а мнозинството добиваат одговор, претежно во рок, во јасна форма. Меѓутоа, кога станува збор за образложение за одбивање, објаснувањето не е дадено за мнозинството, ниту пак постапката за поднесување жалба.

Графикон 14. Какво беше искуството на Вашата организација со барање на пристап до информации од јавен карактер? (%)




Според анкетата, нешто над една третина 33,7% ГО испратиле барање за пристап до информации од јавен карактер во изминатите 12 месеци. Од нив, вкупно 47,3% (26) ГО добиле одговор, 40% (22) ГО изјавиле некогаш да, некогаш не[227], 9,1% (пет) ГО не добиле одговор. Слично, 40% (22) ГО добиле информација во рами на законски пропишаниот рок, 43,6% (24) ГО изјавиле некогаш да, некогаш не, и 10,9% (шест) ГО не добиле информација во рокот. Кога станува збор за тоа дали одговорот бил јасен, 36,4% (20) ГО добиле одговор во јасен формат, (40%) 22 некогаш да, некогаш не, и 18,2% (10) ГО рекле дека не бил во јасна форма. Во однос на објаснувањето за одбивање, 40% (22) ГО не добиле јасно објаснување за причините за одбивање на барањето, 25,5% (14) ГО добиле јасно објаснување, 21,8% (12) ГО некогаш да, некогаш не.  Во врска со одбивањето на барањето без објаснување, 61,8% (34) рекле дека тоа не било случај, 21,8% (12) ГО изјавиле некогаш да, некогаш не, а 7,3% (четири) ГО биле одбиени без објаснување. За 61,8% (34) ГО после одбивање на барањето не им било сугерирано да поднесат жалба, 9,1% (пет) ГО некогаш да, некогаш не, на 16,4% (девет) ГО им била сугерирана оваа можност.

### 3.2.3. Застапеност на граѓанските организации во меѓусекторски тела

Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесите на креирање политики предвидува дека Владата треба да формира работни групи како инструмент за вклучување (меѓу другото)[228]. Сепак, не постои стандардизиран механизам за избор на претставници во меѓусекторските тела. Постојат различни правни акти што предвидуваат формирање на одредени совети, комитети, итн., и кои предвидуваат обврска граѓанските организации да бидат вклучени како дел од механизмот.

Најрелевантен документ е Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор[229] како главен механизам за соработка и таа беше подготвена со учество на ГО. Според Одлуката, претставниците на ГО се избираат во рамките на секторот во транспарентна и отворена постапка и се номинирани да претставуваат посебни области што ги опфаќаат со својата работа.

Во текот на 2019 година, Одделението за соработка со невладини организации за потребите на Советот, објави неколку отворени повици за некои од промените на претставниците на ГО, и ја следеше целата постапка како што е пропишано и ги објавува конечните резултати на крајот со

https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2019/12/Action_SEE_MK_national_2019.pdf [Посетена на 20.02.2020]
[227] Прашањето го зема предвид целокупното искуство на испитаниците за сите барања кои ги испратиле.
[228] Кодекс на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 99/11).
[229] Одлука за формирање на Совет за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанскиот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 164/18)

доволно детали. Покрај тоа, имаше бројни примери на различни институции (МТСП, МП) кои ги поканија заинтересираните организации да се приклучат на формираната работна група за закони или други акти.

Во еден загрижувачки чекор, од 2019 година, со една од измените на Деловникот за работа на Советот, и покрај немањето правна основа во рамките на Одлуката, мандатот на Советот беше проширен за да вклучи извршна задача, што значи по барање на владино тело Советот води постапка за избор на претставници на ГО од различни области за да учествуваат во работни групи/тела и настани.

Постојат бројни случаи кога претставниците на ГО се поканети во телата за донесување одлуки за прашања и политики кои се релевантни за граѓанското општество. Според истражувањето, над една третина 35,6% ГО учествувале во работата на меѓусекторски тело: работна група (48), Совет (5), комисии (4), координативни тела (4), меѓусекторска група (2), комитет (1), советодавни тело (1), друго (9). Тие биле дел од институции, како: МТСП, МЗ, МЕ, АМС, Агенција за остварување на правата на заедниците, МК, Владата, Собранието, Кабинетот на Министерот без ресор, МИОА, МЖСПП, Министерство за земјоделство.




Мнозинството (83%) од претставниците на ГО се согласуваат дека тие биле во можност слободно да ги искажат своите критички ставови во рамките на работата на меѓусекторското тело, итн. Покрај тоа, мнозинството (69%) од претставниците на ГО се согласуваат дека можат да пристапат кон државните органи дури и кога користат алтернативни начини на застапување за јавно промовирање на нивниот став којшто може да влијае врз работата на телото.

**Рамка 7: Оценка на Насоките од ЕУ**
**Подобласт 3.2. Вклученост во процесот на креирање политики и донесување одлуки**

**Резултат 3.1.** Законската рамка овозможува вклучување на граѓанските организации во процесите на одлучување. Во пракса, соработката меѓу Владата и граѓанските организации беше подобрена, како и ефективноста од консултациите. Имено, 49,6% од вкупниот број на предлог-закони беа консултирани преку ЕНЕР, а за 96,5% од нив, беше почитуван минималниот рок за консултации од 20 дена. Според анкетата, 61,3% ГО соработувале со државна институција во текот на минатата година. Вкупно 48,5% од ГО кои одговориле на анкетата, биле вклучени во процесите на креирање политики и донесување одлуки. Сепак, потребно е понатамошно подобрување на ефективноста во консултациите. Кога станува збор за соодветен пристап до информации, нешто над една третина (32,52%) од ГО се согласуваат. Во поглед на суштински консултации, 36,8% велат дека предлозите на ГО биле разгледани, 25,2% дека најголем дел од нив биле разгледани, 8,6% мал дел биле разгледани и 3,1% рекле дека нивните предлози не биле разгледани.

## Подобласт 3.3. Соработка во давање социјални услуги

### 3.3.1. Вклучување на граѓанските организации во давање услуги и натпревар за државни договори

Постојното законодавство им овозможува на ГО да обезбедуваат услуги во различни области, вклучително образование, здравствена заштита, социјални услуги и создава основни предуслови. ЗЗФ[230], им овозможува на здруженијата и фондациите да вршат јавни овластувања преку пренесување на надлежностите од орган на државна управа, од орган на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и други органи кои имаат јавни овластувања, во согласност со закон.

Трите клучни закони во областа на обезбедување услуги беа изменети и подобрени во корист на здруженијата и фондациите. Прво, новиот Закон за јавни набавки[231] како клучен закон со кој се уредуваат начинот и постапките за склучување договори за јавни набавки, чија цел е подобрување на недостатоците во системот на јавни набавки и подобрување на две клучни прашања: покрај најниската цена како критериум за доделување тендери, додадени беа и други, а електронската аукцијата стана изборна. Донесени беа и други мерки поврзани со зголемување на транспарентноста на процесот.[232] Второ, Законот за социјална заштита[233] според кој, здружение (но не фондација) може да врши одредени работи во областа на социјалната заштита утврдени со овој закон, ако е регистрирано за исполнување на цели во области на социјалната заштита, беше изменет на партиципативен начин. Така, беа обезбедени бројни промени, меѓу кои јасна поддршка и партнерство со здруженијата кои треба да бидат вклучени во давањето на социјални услуги. Потоа, Законот за бесплатна правна помош[234] предвидува можност за вклучување на ГО во обезбедување претходна правна помош. Во 2019 година беше донесен нов закон кој нуди подобрена правна заштита на граѓаните и воведува новини и подобрувања во процесот на финансирање на здруженија и фондации кои обезбедуваат правна помош, бидејќи тие ќе добијат грантови од Министерството за правда[235]. Конечно, важноста и потенцијалот на ГО се препознаени во Стратегијата со утврдување мерки за развој на модели за соработка со ГО кои се даватели на услуги од

[231] Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 52/10, 135/11 и 55/16)
[232] Центар за граѓански комуникации (2019) 2019 Извештај во сенка за јавните набавки [Интернет] Скопје, ССС. Адреса: http://www.ccc.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=378%3A-2019&lang=mk [Посетена на 20.02.2020]
[233] Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 79/09; 36/11; 51/11; 166/12; 15/13; 79/13; 164/13; 187/13; 38/14; 44/14; 116/14; 180/14; 33/15; 72/15; 104/15; 150/15; 173/15; 192/15; 30/16; 163/17 и 51/18).
[234] Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101/2019)
[235] Правдико (2019) Новиот закон за бесплатна правна помош со подобрени решенија за пристап до правда [Интернет] Скопје, Правдико. Адреса: https://www.pravdiko.mk/noviot-zakon-za-besplatna-pravna-pomosh-so-podobreni-reshenija-za-pristap-do-pravda/ [Посетена на 20.02.2020]

областа на здравствената заштита, образованието и културата, во кои сѐ уште нема напредок во спроведувањето[236].

Постојат случаи на граѓански организации кои добиваат договори за услуги во различни области во конкуренција со други даватели на услуги. Според анкетата, 11 ГО добиле договор за обезбедување на државни услуги од страна на државата. Исто така, МТСП обезбеди 151,5 милиони денари (приближно 2.453.000 евра) за поддршка на ГО во областа на социјалната заштита 237, така што има бројни примери за поддршка на различни проекти. Имено, избрани беа три здруженија[238]: дневен центар за деца на улица, психосоцијална поддршка на деца во социјален ризик, безбедно сместување за жртви на родово базирано насилство и ран третман на деца со аутизам. Понатаму, од средствата од игрите на среќа и од забавните игри (70 милиони денари или приближно 1.133.000 евра) се поддржани: Годишната програма на Црвениот крст, Националниот совет на инвалидски организации на Македонија, национални инвалидски организации и националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност, како и поддршка за здруженија кои им помагаат на жртвите на семејно насилство. Други примери на ГО ангажирани во давање на услуги опфаќаат: поддршка на лицата во социјален ризик да добијат дневен оброк „Сите сити“ (соработка меѓу МТСП и иницијативи за социјално претприемништво), [239], дневен центар за Даунов синдром[240], центри за жртви на сексуално насилство[241], НВО Порака Нова – дневни центри за лица со посебни потреби. Сѐ уште има многу малку примери на граѓански организации кои се вклучени во развој и оценка на услугите. Сепак, кога станува збор за социјални и здравствени услуги (ХИВ, туберкулоза и сл.), МТСП и Министерството за здравство навистина работеа со ГО во развојот на програмите и поддршката.

Важен концепт е социјалното претприемништво кое сѐ уште е во почеток на воведување и институционализирање, бидејќи дел од регулативата сѐ повеќе се користеше во 2019 година. Постојната правна рамка (ЗЗФ, Закон за вработување лица со посебни потреби[242], Закон за задруги[243]) им овозможува на субјектите во нивните облици да учествуваат во социјалната економија, но не обезбедува соодветна поддршка. Имено, првите социјални претпријатија во земјава датираат од околу 2008 година, а ГО се водечки меѓу нив[244]. Повторно започна процесот на изготвување на Закон за социјално претприемништво и конечниот предлог-текст требаше да биде финализиран до јуни 2019 година[245], заедно со Стратегија за социјално претприемништво која требаше да биде финализирана до ноември 2019 година[246].

### 3.3.2. Државно финансирање на услуги кои ги даваат граѓанските организации

Правната рамка обезбедува делумно финансирање за основните социјални услуги кои ги даваат ГО. Износот/процентот на распределба на средства за основните услуги е посебен процес во зависност од областа. Меѓутоа, ако земеме дека најразвиени се социјалните и здравствените услуги, планираните средства може да се увидат од планираниот буџет за следната година од соодветните буџетски ставки во рамките на програмите на институциите.

ГО не добиваат доволно средства за да ги покријат основните трошоци за услугите за кои имаат склучени договори. Според истражувањето, 11 ГО одговориле дека нивната организација поднесла апликација за обезбедување на јавни услуги, една ГО рече дека средствата што ги добиле се доволни за да се покријат основните трошоци, шест ГО велат дека не се доволни, а четири ГО не знаат. Услугите се доминантно финансирани од странски фондови или други извори.

[236] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2018) Стратегија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018 – 2020 [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО. https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=node/250 [Посетена на: 15/4/2019]
[237] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2019) Прилог 5. МТСП распределени и планирани средства за здруженија и фондации, [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/1.5.Tabela%20MTSP.pdf [Посетена на 20.02.2020]
[238] МТСП (2020) Стратешки план на МТСП 2020-2022 [Интернет] Скопје, МТСП. Адреса: http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2020/11.2sp.doc [Посетена на 20.02.2020]
[239] Радио МоФ (2019) Лицата во социјален ризик ќе добиваат оброк преку „Сите сити“ [Интернет] Скопје, Радио МоФ. Адреса: https://www.radiomof.mk/licata-vo-socijalen-rizik-kje-dobivaat-obrok-preku-site-siti/ [Посетена на 20.02.2020]
[240] НоваТВ (2019) Отворен првиот дневен центар за даунов синдром [Интернет] Скопје, НоваТВ. Адреса: https://novatv.mk/otvoren-prviot-dneven-tsentar-za-daunov-sindrom/ [Посетена на 20.02.2020]
[241] Радио МоФ (2019) Жртвите на сексуално насилство не знаат што да прават откако ќе пријават, центрите за помош не се доволно видливи [Интернет] Скопје, Радио МоФ. Адреса: https://www.radiomof.mk/zhrtvite-na-seksualno-nasilstvo-ne-znaat-shto-da-pravat-otkako-kje-prijavat-centrite-za-pomosh-ne-se-dovolno-vidlivi/ [Посетена на 20.02.2020]
[242] Закон за вработување на инвалидни лица („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/2015, 147/2015, 27/2016 и 99/2018)
[243] Закон за задруги („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 54/02).
[244] Стојческа, Б., Топузовска-Латковиќ, М., Николиќ, С., Петрески, Б. (2016) Анализа на состојбите и предизвиците за развој на социјално претприемништво во Република Северна Македонија [Интернет] ФЕС. Адреса: https://library.fes.de/pdf-files/bueros/Скопје/12619.pdf [Посетена на 20.02.2020]
[245] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2019) Усвојување на законска, институционална и финансиска рамка за правно препознавање и развој на социјалното претприемништво [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/235 [Посетена на 20.02.2020]
[246] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Усвојување на стратегија за развој на социјалното претприемништво [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО. Адреса: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/234 [Посетена на 20.02.2020]

Не постојат значителни законски пречки за ГО да добиваат средства за обезбедување на јавни услуги. Сепак, согласно Стратегијата[247], требаше да се спроведе целосен правен преглед на можностите и предизвиците на ГО да бидат ангажирани како даватели на услуги, од страна на Министерството за здравство, Министерството за култура, Министерството за правда и АМС и тоа беше планирано за последното тримесечје од 2019, но не се реализира. Понатаму, МТСП спроведува проект во кој ќе се работи на подготовка на кохерентна правна рамка за модернизација и децентрализација на социјалните услуги[248].

Графикон 16. Ве молиме изберете го степенот на согласување со следните изјави по однос на учеството на граѓанските организации во давање на услуги:
(%)




Речиси половина (46%) ГО не знаат дали ГО во нивната област на работа се исклучени од повиците за предлози за обезбедување на јавни услуги, 35% не се согласуваат и 18,4% ГО се согласуваат. Правната рамка не дозволува долгорочни договори за давање услуги. И покрај тоа што истите ГО (на пр. во обезбедувањето социјални услуги, давање услуги поврзани со здравството) се поддржани секоја година, тие треба да поминат низ процесот на апликација и потпишување нови договори.

### 3.3.3. Процедури за склучување договори за услуги

Постојат одредени одредби за транспарентност за распределбата на средства меѓу давателите на услуги, но со мали проблеми што не се регулирани. Неколку закони содржат одредби за отворена конкуренција (Закон за јавни набавки[249], Закон за бесплатна правна помош[250], Закон за социјална заштита[251], и др.). Цената не е водечки критериум за селекција на даватели на услуги. Со новиот Закон за јавни набавки, постоечкиот критериум најниска цена беше заменет со понуда со најдобра вредност[252]. Меѓутоа, првите седум месеци од спроведувањето на новиот закон потврдуваат дека институциите применуваат стари и неефективни практики (97% од тендерите како критериум користат најниска цена)[253]. Најниска цена и електронско наддавање се користеа за тие набавки каде што најмногу критики беа насочени кон стариот закон: храна за градинки и медицински материјал за болници[254].

Постојат насоки за тоа како да се обезбеди транспарентност во оценувањето и изборот на давателите на услуги и управувањето со судир на интереси. Законот за јавни набавки дефинира јасни насоки за тоа како да се обезбеди транспарентност и да се избегнат судири на интереси.[255], бидејќи превидува комисијата да потпише изјава дека нема судир на интереси. Во случај да има, тие треба да се повлечат од работата на Комисијата и да бидат сменети или официјално да се назначат други јавни службеници. Понатаму, според Законот за јавни набавки[256], формирана беше Државна комисија за жалби по јавни набавки, со мандат да одлучува по жалби во јавните набавки, договорите за концесии и јавно-приватно партнерство. Не е можна жалба по одлуката на Државната комисија, но таа може да се оспори пред

[247] Одделение за соработка со НВО во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (2018) Стратегија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020 [Интернет] Скопје, Одделение за соработка со НВО. https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=node/250 [Посетена на: 15/4/2019]
[248] Министерство за труд и социјална политика, Стратешки документи [Интернет] МТСП. Адреса: http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx [Посетена на 20.02.2020]
[249] Закон за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 24/2019)
[250] Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019).
[251] Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 104/19, 146/19 и 275/19)
[252] Закон за јавни набавки
[253] Центар за граѓански комуникации (2019) 2019 Извештај во сенка за јавните набавки [Интернет] Скопје, ЦГК. Адреса: http://www.ccc.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=378%3A-2019&lang=mk [Посетена на: 20.02.2020]
[254] Државна комисија на Република Северна Македонија за жалби по јавните набавки - http://reshenija.dkzjn.gov.mk/
[255] Закон за јавни набавки
[256] Ibid.

административниот суд.

Има примери на ГО кои добиле државни договори за обезбедување услуги во различни области. Според анкетата, 11-те ГО кои добија договори за обезбедување услуги за 2019 година, беа во областа на млади, поддршка а маргинализирани лица и лица со посебни потреби, наука и образование, економски развој и вработување, демократија, добро владеење и владеење на правото, култура и уметност.

Графикон 17. Ве молиме изберете го степенот на согласување со следните изјави по однос на учеството на граѓанските организации во давање на услуги:
(%)




Повеќето од испитаниците (62,6%) од анкетата не знаат дали постапката е фер и транспарентна кога станува збор за доделување државни договори за давање на услуги, скоро третина (28,2%) не се согласуваат, додека за 9,2% ГО е фер. Повеќе од половината (55,2%) од ГО не знаат дали јавните службеници имаат капацитет (на пр. знаење, обука) за спроведување на постапките за давање на услуги, додека 33,7% не се согласуваат, а 11% ГО се согласуваат.

Неодамнешното истражување на ГО утврди дека недостатоците во знаењето и вештините на службените лица се поврзани со промените на новиот закон и недостаток на внатрешни инвестиции во обуки и капацитети[257.]

### 3.3.4. Отчетност, следење и оценување на обезбедувањето на услуги

Различни закони овозможуваат различни процеси на следење на трошењето. Според Законот за јавни набавки[258] контролата над користењето и трошењето на средствата од јавна набавка ја врши Државниот завод за ревизија. Сите институции и корисници на буџетски средства се предмет на контрола од државната ревизија. Според МТСП, како дел од одредбите во Законот за социјална заштита[259], Министерството врши надзор врз работата на ГО кои користат средства од Министерството. Повеќе различни членови од Законот, даваат детали за тоа како се организира процесот. Кога станува збор за следење на стандардите за квалитет, според Законот за социјална заштита[260], постапката за следење за услугите што ги даваат изведувачите ја спроведува Институтот за социјална работа, кој има различни профили на вработени со различна експертиза за проценка на стандардите за квалитет (во зависност од тоа кое прашање од социјалната заштита се следи).

Постојат многу малку примери на даватели на услуги кои биле подложени на прекумерна контрола. Според истражувањето, 11 ГО поднесле апликација за обезбедување јавни услуги. Две од нив рекле дека контролата на државата над нивната работа била прекумерна, четири ГО дека тоа не е случај, додека пет ГО не знаат. Потоа, четири ГО рекле дека контролата (на самото место) на нивната работа е направена со претходна најава од јавните службеници. Пет граѓански организации рекле дека критериумите за отчетност поставени од државата за време на давањето услуги се јасни, две граѓански организации рекле дека не се јасни, додека четири не знаеле.

[257] Центар за граѓански комуникации (2019) 2019 Извештај во сенка за јавните набавки [Интернет] Скопје, ЦГК. Адреса: http://www.ccc.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=378%3A-2019&lang=mk [Посетена на: 20.02.2020]
[258] Закон за јавни набавки
[259] Закон за социјална заштита
[260] Ibid.

# Заклучоци и препораки

## Препорака 1

**Државните институции треба да обезбедат дека предлозите за новата законска регулатива или измени и дополнувања во постоечката, се во согласност со меѓународните стандарди за слобода на здружување, собирање и изразување (ова се однесува главно на проблематичните одредби од Предлогот на  Законот за лобирање и Предлогот на  Законот за јавни собири).**

Основните слободи на здружување, собирање и изразување беа законски загарантирани и генерално заштитени и уживани во практика. Сепак, сè уште е присутна потенцијалната закана кон принципот на слобода на здружување од некои одредби во Предлог-законот за лобирање, како резултат на нејасните одредби поврзани со дефиницијата за тоа што претставува лобист, а кои активности се сметаат за лобирање. Со тоа, клучниот принцип на ЗЗФ - учество во јавниот живот е во ризик, според кој граѓанските организации можат слободно да ги искажат и промовираат своите ставови и мислења за прашања од нивниот интерес; да започнат иницијативи и да учествуваат во обликување на јавното мислење и креирање политики. Неуспехот да се заштити овој принцип, може на пример да ги спречи организациите да се ангажираат да работат со Собранието. Кога станува збор за Предлог-законот за јавни собири, до крајот на 2019 година, беше подготвена обемно изменета и рестриктивна верзија на законот (минимум 50 лица да одржат собрание, проширувајќи го списокот на места каде собирите се ограничени, забраната за учесниците да ги покријат лицата и главата и регулирање на времето за одржување на собирот од 6 до 23 ч), без консултации. По реакциите од јавноста и граѓанските организации на социјалните медиуми, Владата го повлече законот.

Затоа, потребно е сите државни институции да се погрижат предлозите на новото законодавство да бидат во согласност со меѓународните стандарди за слободи на здружување, собирање и изразување. Имено, Министерството за правда формираше работна група за Предлог-законот за лобирање, но можноста за придонес кон предлог-текстот главно беше од технички аспект, наместо суштинска дискусија за решавање на проблемот и неговото влијание врз граѓанското општество. Така, Министерството треба да вклучи поширока дебата за Предлог-законот за лобирање и дополнително да го истражи проблемот што се обидува да го реши и да обезбеди дека принципите на слободата на здружување се заштитени и се остваруваат. Понатаму, имајќи ги предвид регресивните одредби предложени во Предлог-законот за јавни собири од Министерството за внатрешни работи и недостатокот на соработка со граѓанското општество, ова може да се смета како тековна закана за слободата на собирање. Имено, постојното законодавство за јавни собири е солидно, освен неколкуте измени кои би обезбедиле уживање на правото во целост согласност со меѓународните стандарди.

## Препорака 2

**Релевантните државни институции без одлагање треба сеопфатно да го реформираат државното финансирање за граѓанските организации.**

Неколку позитивни случувања поврзани со државното финансирање за граѓанските организации ја одбележаа годината. Имено, за прв пат, напори на високо ниво беа посветени на реформа на постојниот модел на државно финансирање. Овие напори јасно ги изрази тогашниот премиер Заев на национална конференција организирана од МЦМС. Ова беше охрабрено и со меморандумот за разбирање за соработка помеѓу Владата и ФООМ да се работи на реформата на јавното финансирање за ГО, што подоцна резултираше со анализа и предлог препораки за моделот на државно финансирање. Во текот на годината, одредени државни институции кои издвојуваат средства презедоа чекори за подобрување на различните аспекти на постапката и за зголемување нивната транспарентност и отчетност (зголемен број на отворени повици, достапност на информации за доделени проекти на ГО). Конкретно,

Генералниот секретаријат на Владата за граѓански организации за 2019 година воведе стручна комисија и надзор од двајца членови на Советот за ГО, за средствата што ги распределуваат на ГО, а исто така спроведе и консултативен процес за приоритетите за финансирање за 2020 година со поширокото граѓанско општество, со поддршка од МЦМС.

Сепак, и покрај изразената подготвеност од страна на Владата, реформата на системот за државно финансирање за граѓанските организации напредуваше бавно. Имено, подготовките на препораките за модел доцнеа и понатамошните консултации со граѓанското општество наместо во септември, започнаа во декември. Така, неефективните делови на постојниот систем сè уште се одржуваат. Достапните податоци покажуваат намалување на вкупниот износ на државно финансирање планирано за ГО за 13% за 2019 година во однос на 2018 година. Државното финансирање е сè уште скоро непрепознатлив извор на приход за ГО и е достапно само за ограничен број организации. Приходот од игрите на среќа и забавните игри сè уште не е зголемен и се доделува на мал број организации. Потоа, финансирањето од Генералниот секретаријат на Владата наменето за граѓански организации и понатаму се доделува за бројни области со незначителни износи на средства. Исто така, немаше напредок во однос на обезбедување институционална поддршка на ГО. Сè уште нема можности за повеќегодишно финансирање, ниту кофинансирање за ЕУ и други проекти. Овие се главните аспекти на реформата во државното финансирање на кои Владата треба да се насочи понатаму.

Потребно е клучните владини институции кои доделуваат средства за граѓански организации без одлагање, на партиципативен начин да ја финализираат и усвојат сеопфатната реформа, заснована врз анализата и препораките што се веќе достапни. Реформата треба да опфати: зголемен износ на државно финансирање за ГО (вклучително и зголемен поединечен износ на грантовите). Ова може да се направи со обезбедување, врз основа на достапните податоци, дека најмалку 1/3 од вкупниот годишен приход на ГО треба да доаѓа од државно финансирање (во рок од три години треба да достигне 30 милиони евра за поширокото граѓанско општество). Законот за здруженија и фондации нуди основа да се развие таква одредба. Покрај тоа, треба да се испланира посебна буџетска ставка за здруженија и фондации наспроти други непрофитни субјекти. Потоа, важно е да се обезбеди долгорочно финансирање, и институционална поддршка, како и кофинансирање на активности поддржани од други донатори и со соодветна географска дистрибуција. Сето ова треба да се заснова на стандардизирана постапка за зголемување на транспарентноста, ефективноста и отчетноста на распределбата на средствата.

## Препорака 3

### Владата треба да ги примени стандардите за вклучување на граѓанските организации во процесот на носење закони и креирање политики за целото законодавство и доследно во сите државни институции. Учеството треба да започне во рана фаза, со соодветен пристап до информации и време за квалитетен и суштински одговор и обезбедување повратни информации.

Значајната вклученост на граѓанските организации во процесите на креирање јавни политики и донесување закони продолжи во текот на 2019 година, преку различни форми на вклучување (електронски консултации, работни групи, консултации и сл.). ГО во текот на целата година беа вклучени во подготовката на одредени закони важни за работата на ГО, како што се: Закон за борба против корупцијата, Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, Закон за млади, Закон за бесплатна правна помош и Закон за јавни набавки. Граѓанското општество беше успешно во напорите за застапување кои доведоа до усвојување на Законот за недискриминација и Законот за прекин на бременоста. Имаше зголемување на објавувањето и почитување на роковите за електронски консултации. Имено, преку ЕНЕР беа консултирани 49,6% од вкупниот број предлог-закони, а за 96,4% од нив се почитуваше минималниот рок од 20 дена за консултации. Во рамките на консултативниот процес, граѓанските организации сè уште беа соочени со значителни недостатоци. Имаше случаи на заобиколување на ГО кога станува збор за прашања како владеење на правото и антикорупција (Закон за јавно обвинителство и сл.). Конечно, сè уште опстојува отсуство на соодветен пристап до информации од јавен карактер, како и на одржување суштински консултации.

Според тоа, треба да се надградува овој позитивен тренд на зголемена отвореност и да

продолжи да се цени вклученоста на ГО, со тоа што ќе се обезбеди стандардите да важат за сите закони (на пр., дури и оние што се сметаат за политички чувствителни, како Закон за јавни набавки). Исто така, потребна е стандардизирана примена за сите институции, а не само малкумина кои се залагаат за соработка. И покрај тоа што одредени министерствата се поблиски до нивните целни групи заради нивната природа на работа (на пр. МТСП, АМС, итн.), сепак  постои потреба да се осигури дека правилата да важат за сите. Добрата практика на користењето на ЕНЕР како платформа за електронски консултации и почитување на роковите, треба дополнително да се поддржува и подобри. Конечно, резултатите од истражувањето јасно укажуваат на потребата за усогласување на ова зголемување на соработката со зголемување на ефективноста на консултациите во однос на некои од неопходните предуслови за ГО да обезбедат квалитетен придонес во процесот, како што се соодветни информации, доволен квалитет и да се изгради доверба, знаејќи дека она што било дадено како придонес е прифатено во процесот.

## Препорака 4

### Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор потребно е најголем дел од седниците да ги посвети на влијание врз институциите да ги спроведуваат приоритетните области за развој на секторот, утврдени во рамки на Стратегија на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020. Советот треба без одложување да започне со директна комуникација и консултации со други ГО. Покрај тоа, како консултативно тело, Советот треба да ја преиспита законитоста и ефективноста на додавање работа да номинира претставници на граѓанското општество во различни тела и настани по барање на државните институции.

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор продолжи да работи ефективно во текот на целата година, фокусирајќи се на прашања од значење на граѓанскиот сектор. Со одржување на вкупно десет седници, го надмина законски утврдениот минимален број од четири седници годишно, за кои дневниот ред и материјалите се однапред јавно достапни. Скоро на секоја седница, Советот постави одредени препораки и/или барања за различни институции. Сите што беа доставени во Одделението за соработка со невладини организации беа прифатени, заедно со други, доставени до неколку други институции и беа навремено спроведени. Сепак, едно од најважните прашања, на кое реагираше Советот не беше земено во предвид. Станува збор за зголемување на износот распределен од Секретаријатот на Владата од приближно 194.000 на 971.700 евра, поврзан со пошироката реформа на државното финансирање за ГО.

Беа забележани одредени предизвици за ефективноста на Советот. Прво, Деловникот за работа на Советот беше изменет двапати, вклучувајќи загрижувачка одлука Советот без правна основа да додаде мандат за извршување на барањата од владините тела (како што е барање за номинации на претставници на ГО во тела и настани). Второ, Советот не успеа ефективно да ги консултира граѓански организации, бидејќи помалку од една третина (26,4%) од испитаните граѓански организации биле консултирани за одредени прашања. Трето, редовното учество на седниците и на членовите на ГО и на државните институции беше предизвик, а кога станува збор за учество на други ГО, надвор од Советот, учествуваа само двајца претставници на ГО (еден од организациите членки на Советот), и еден независен експерт. Кога станува збор за редовно учество на седниците на членовите на Советот од страната на ГО, во секоја сесија имаше претставници кои не беа присутни.

Следствено, Советот треба да ја продолжи добрата практика за споделување материјали и информации и да организира редовни седници. Советот треба да посвети поголем дел од своите седници за да влијае врз институциите за спроведување на приоритетните области за развој на секторот од Стратегијата, бидејќи тоа се прашања каде секторот сака да забележи напредок и вклученост. Исто така, постои потреба од директна комуникација и консултации со други граѓански организации. Некои од идеите дадени од организациите во рамки на анкетата за овој извештај, за тоа како Советот треба да се ангажира со ГО е преку директна е-пошта и телефонска комуникација, особено со оние надвор од Скопје, потоа преку работилници, инфо-билтени, отворени сесии, користење на социјални медиуми, други технолошки алатки за

комуникација, периодични состаноци со ГО на различни теми и покани до релевантни ГО на одредени седници за одредени теми. Покрај тоа, како консултативно тело, Советот треба да ја преиспита законитоста и ефективноста на додавање работа да избира и номинира претставници на граѓанското општество во различни тела и настани по барање на државните институции. Имено, со оглед на тоа што оваа задача не е предвидена во Одлуката за формирање на Советот, нема правна основа да се додаде таква надлежност. Потребно е градење доверба и соработка со пошироките граѓански организации, но сепак со овој чекор се чини дека моќта на учество во телата е земена од рацете на граѓанските организации, и ставена во рацете на Советот за да одлучува и да го организира процесот.

# Прилози

## Методологија

### Операционализација и собирање податоци

Матрицата за следење за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество е детална теоретска рамка заснована на меѓународните човекови права и слободи и регулаторните практики на европските земји и ЕУ. Рамката е изградена околу три основни области: основни загарантирани законски слободи; рамка за финансиска одржливост на граѓанските организации; односи помеѓу Владата и граѓанските организации, и секоја од нив е поделен во подобласти. Областите се разработени според стандарди, кои понатаму се специфицирани преку правни индикатори и индикатори за практика.

**Правните индикатори** се мерат со кодирање на присуството или отсуството на правила, трошоци, процедури и обврски кои се утврдени во законската регулатива (примарна и секундарна) и рамките на политиката кои се донесени во соодветните земји. За да се обезбеди стандардизација и споредливост на процесот на прибирање на податоци во однос на **индикаторите за практика**, истражувачите од земјата следат методолошки план во кој секој од 80-те индикатори понатаму се операционализира во конкретни задолжителни и дополнителни типови на податоци (т.е. операционализирани димензии на индикатор за практика)  за кои треба да се известува во државите. **Задолжителните типови на податоци** се вметнуваат во основните составни делови на индикаторот за практика, како што е опишано во пакетот со алати за матрица за следење. Тие го поддржуваат известувањето за оптимални информации без кои не може да се оцени соодветниот индикатор. Дополнителните податоци (операционализирани димензии) наведени за секој индикатор за практика се пријавуваат доколку истражувачите на земјата сакаат да го продлабочат и дополнително да го илустрираат конкретниот индикаторот за практика (на пр. преку студија на случај; видете во следниот дел за белешките за методологијата кои се специфични за земјата

Стратегијата за собирање податоци за индикаторите за практика е прилагодена да одговара на задолжителните типови на податоци наведени во планот за методологија. За секој индикатор има јасна насока за стратегијата за собирање податоци (инструменти и извори) што треба да ја користат истражувачите од земјата. Наведените инструменти и извори за прибирање податоци следат имплицитна хиерархија, во која јавно достапните фактички податоци (на пр. официјална статистика) се најважниот извор на податоци за проценка на индикаторите за практика, проследени со податоци од анкетите на граѓанските организации, кои, пак, следат релевантни секундарни извори (на пр. од извештаите на ГО, Народниот правобранител и медиумите). Конечно, на крајот од хиерархијата се податоци од интервјуа, кои се субјективни типови на податоци, и опфаќаат помали групи на испитаници..

Примарните фактички податоци и секундарните податоци се собрани преку **истражување на документи**. Следејќи ја стратегијата за собирање податоци, истражувачите во земјата користат три основни инструменти за собирање податоци: барања за слобода на информации (барања за СИ), анкетен прашалник и упатства за теми за интервју. Прашањата во инструментите за прибирање на податоци се прилагодени да одговараат на задолжителните типови на податоци (операционализирани димензии) на секој индикатор за практика. **Барањата за слобода на информации** (барања за СИ) ги користат истражувачите кога јавните информации и статистичките податоци за состојбата на граѓанското општество и нивната околина (примарни фактички податоци) не се лесно и јавно достапни. Истражувачите можат да извлечат од деталната банка за слободни информации прашања кои се прилагодени за да одговараат на индикаторите за операционализирана практика.

**Анкетниот прашалник** собира информации за искуствата и перцепциите на граѓанските организации за клучните аспекти на овозможувачката околина за граѓанското општество за 2019 година. Организациската анкета вклучува 50 прашања што одговараат на задолжителните типови на податоци (операционализирани димензии) за основните права и слободи, организациска и финансиска одржливост и соработка на граѓанското општество со државата. Прашалникот доминантно се состои од затворени прашања, а помалку отворени прашања во кои од кои испитаниците се бара да го образложат нивното искуство. Истиот прашалник се применува низ сите земји, а само формулацијата на неколку прашања е малку прилагодена на контекстот на конкретната земја со цел испитаниците да ги разберат прашањата. Анкетниот прашалник се испраќа до формални граѓански здруженија од списоци кои ги составуваат и ажурираат истражувачи од земјата, врз основа на достапните регистри или други алтернативни списоци на активни ГО во земјата (за повеќе информации, видете во делот за белешки за методологијата специфична за земјата). Податоците собрани од анкетата се доверливи и се користат строго на анонимна основа. Индивидуалните одговори не се поврзани со организациите кои одговорија на истражувањето и известуваа само во збирна форма

**Упатствата за темите за интервју** опфаќаат прашања коишто – слично на анкетниот прашалник - одговараат на специфични типови на задолжителни податоци и се користат во сите земји. Покрај овие основни прашања, истражувачите формулираат дополнителни прашања што ги доловуваат случувањата во контекст на земјата. Четирите упатства за теми се користат во полуструктурирани интервјуа со следниве групи испитаници: претставници на здруженија на новинари и професионалци од медиумите; претставници на организации на волонтери; претставници на институцијата или механизмот за соработка со ГО и претставници на неформални групи на граѓанското општество (на пр. иницијативи на граѓани, социјални движења и иницијативи преку Интернет).

### Анализа и толкување на податоците

За да ги анализираат и интерпретираат податоците, истражувачите во земјата користат унифициран образец за собирање на податоци кој го опишува описот на индикаторите (вклучувајќи ги и задолжителните и дополнителните типови на податоци за индикаторите за практика) и пет категории на описи кои се движат од целосно овозможувачка до целосно оневозможувачка околина и се дадени под секој индикатор. Петте категории на описи се специфицирани за секој правен и практичен индикатор во пакетот со алатки на Матрицата за следење, за да им се овозможи на истражувачите - врз основа на пријавените податоци - да изберат еден код (резултат) кој најточно ја сумира состојбата на овозможувачката околина во однос на соодветниот индикатор. Во првиот чекор, истражувачот ги пријавува потребните типови на податоци собрани преку различни извори во полето за обрасци. На пример, тие известуваат фактички податоци од примарни извори, надополнети со описна статистика или вкрстени сумирање врз основа на податоците од анкетата. Во вториот чекор, тие избираат една од петте категории на описите кои се наведени за соодветниот индикатор којашто најдобро ги илустрира пријавените податоци. Категориите овозможуваат унифицирана споредба на наодите на ниво на индикатори во сите извештаи за земјата.

## Белешки за методологијата и предизвиците за земјата

Извештајот главно се заснова на анализата на секундарните извори на податоци. Користени се документи за законодавството поврзано со граѓанското општество, домашни извештаи и истражувања на граѓански организации, меѓународни организации и органи на државната управа, меѓународни извештаи и анкети кои се однесуваат на Северна Македонија и Интернет портали и блогови.

Веб прашалникот беше испратен директно преку електронскиот систем за анкети на 8 јануари 2020 година на е-пошта на повеќе од 2800 здруженија и фондации кои се регистрирани во ЦРНМ. Беа добиени одговори од 163 организации на граѓанското општество.

Во некои графикони од извештајот каде што одговорите се до 10-30% од целиот примерок, а

нивната анализа е клучна за разбирање на условите во кои работи граѓанското општество, се користат апсолутни бројки наместо проценти

Собирањето на податоците за подготовката на извештајот за овозможувачката околина од секундарни и примарни извори на податоци беше придружено со некои ограничувања. Е-прашалникот се користеше како единствен примарен извор на информации. Идентификувањето на репрезентативен примерок на организации во земјата е предизвик. Имено, регистарот на здруженија и фондации не е консолидиран, т.е. не дава прецизен преглед на активни и неактивни организации. Покрај тоа, на веб-прашалникот одговорија ограничен број на организации регистрирани во ЦРНМ и оние кои имаат пристап до Интернет. Граѓанските организации не ги потврдија сите одговори со соодветни примери и факти, што е разбирливо со оглед на чувствителната природа на некои од прашањата. Некои од примерите дадени од испитаниците во отворените прашања не секогаш даваат докази за поддршка на одговорот на затвореното прашање. Во овие случаи, во извештајот се вели дека одговорите се дадени во согласност со разбирањето на испитаниците, што е дополнителен наод во однос на нивното знаење за постојното законодавство и неговата примена во нивната работа.

Во однос на обезбедување секундарни извори на информации, исто така и отсуството на објавување јавни документи и информации од страна на органите на јавната администрација и понатаму останува ограничување.

Подготовката на барања за слобода на информации не е едноставна задача. Потребно е претходно истражување и разбирање на начинот на кој една институција може да има информации за споделување, за да се обезбедат позитивни одговори. Така, од девет барања, добивме седум одговори од државните институции (три позитивни одговори и четири негативни одговори). Две институции воопшто не одговорија на барањата.

Покрај тоа, кога станува збор за користење на податоци од државните институции, беа забележани два предизвици. Прво, Владата јасно покажа посветеност кон отвореност и објавување на информации и подготвување бројни политики кои имаат за цел да влијаат позитивно на околината во која работи граѓанското општество. И покрај тоа што ова е позитивно, тоа исто така доведе до пообемно собирање и анализа на податоците. Вториот предизвик се однесуваше на употребата на отворените податоци од трезорот. И покрај тоа што ова е позитивен развој во смисла на стекнување увид во податоците од трезорот и сите извршени трансакции, се покажа како предизвик да се искористи за пообемна анализа, во смисла дека за правилно толкување на податоците се потребни одредени вештини, а притоа се забележани одредени недоследности и недоволни објаснувања.

# Библиографија


Устав на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија”, бр. 52/1991)

Одлука за прогласување на амандманите XXXIII, XXXIV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија, број 08 – 184/1. Адреса: https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/odluka-amandmani-11.1.19.pdf [Посетена на 20.02.2020]

Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 52/10, 135/11 и 55/16)

Закон за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/2016, 21/18 и 64/18).

Кривичен законик („Службен весник на Република Северна Македонија”, бр 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/2013, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15 и 226/15, 97/17 и 248/18).

Одлука за формирање на Совет за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанскиот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 164/18) https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/dokumenti/odlukaSovet982016.pdf

Одлука за критериумите и процедурите за распределба на средства за програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 23/09)

Одлука за утврдување на листа на индикатори за препознавање на сомнителни трансакции (бр. 02-2/16 (19) Скопје, UFR. Адреса: http://www.ufr.gov.mk/files/docs/Indikatori.pdf [Посетена на 1/3/2020]

Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 101/2019)

Закон за употреба на јазиците („Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 7/2019)

Закон за сметководство на непрофитните организации („Службен весник на Република Северна Македонија”, бр 24/03, 17/11 и 154/15).

